# КОМПАС

Vol. 1



## ИЗВИДНИЦИ

## ПРИРАЧНИК ЗА ВОДАЧ НА ПАТРОЛА

Сојуз на Извидници на Македонија
Водич за спроведување на образовен програм на извидништвото за извидници

Скопје 2014

Сојуз на извидници на Македонија
Скопје, 2014

*CIP - Каталогизација во публикација*

*Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје*

*316.346.32-053.6(497.7)*

*ЃОРЃИЕВ, Горан*

*Прирачник за водачи на патроли / *автори*

*Горан Ѓорѓиев, Васил Асанчаровски, Никла Уневски, Филип Ивановски, Ана Прчковска; фпотографија Дончо Наумовски]. - Скопје: Сојуз на извидници на Македонија, 2014.*

*- 168 стр. : Илустр. 21 см*

*Фусноти кпн текстот. - Библипграфија: стр. 166*

*ISBN 978-9989-9515-0-3*

*COBISS.MK-ID 94769162*

*Огнен Стефановски, Старешина на СИМ*

*Изработката на оваа* публикација е Подржана од “Messengers of Peace” Програмата на Светската Извидничка Организација

# Содржина:


Добредојдовте ! .......... 7

Програма .......... 10

ИЗВИДНИЧИОТ МЕТОД .......... 11

ЛИЧЕН РАЗВОЈ .......... 15

РАЗВОЈНИ ПОЛИЊА И ОБРАЗОВНИ ПАТЕКИ .......... 24

ФАЗИ НА РАЗВОЈ .......... 26

ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ .......... 29

ПРОЦЕСИ, ВОДСТВО, ПРОГРЕСИВНОСТ, СИМБОЛИКА... .......... 36

Симболичка рамка .......... 50

МЕТОДИ НА РАБОТА .......... 53

Свечености и валоризација .......... 58

Валоризација .......... 61

ОДНОСИ СО РОДИТЕЛИТЕ .......... 66

АКТИВНОСТИ .......... 70

ИГРИ .......... 124

ПАТРОЛЕН ДНЕВНИК .......... 140

Библиографија .......... 162





## Добредојдовте !

Во категоријата на Извидници спаѓаат сите членови на Извидничкото Движење од 11 до 14 години. Оваа категорија претставува столб на Извидничкото Движење бидејки членовите кои припаѓаат во оваа категорија се најбројни. Извидниците се категорија која исто така е најчувствителна, тие влегуваат во период на адолесценција, период во кој нивните чувства и емоции се измешани, период во кој тешко може да се пронајдат себеси. Категоријата на Извидници е тесно поврзана со категоријата Истражувачи, поради тоа што Извидниците се во период на рана адолесценција, додека Истражувачите се во период на доцна адолесценција. Затоа програмата на овие две категории е многу важна и треба да ги исполнува нивните потреби и желби со цел да им се помогне да ги откријат своите афинитети и да го определат понатамошниот тек на нивниот живот.

Извидниците уживаат во авантура како качување по карпи, планински велосипедизам, кајакарење и кампување, работејќи во групи со млади луѓе со цел да ги исполнат возбудливите предизвици.

## Мисија:

Допринесување кон едукацијата на младите, преку вредносен систем базиран на Заветот и Законите, помагаме да се изгради подобар свет, во кој што индивидуата е исполнета и има конструктивна улога во општеството.

Нашата мисија ја исполнуваме преку:

-Вклучување на младите во неформален образовен процес

-Користење на специфичен метод што го прават поединецот главна улога во неговиот развој како самобитна, посветена и поддржувачка.

-Помагајќи им да изградат вредносен систем базиран на духовните, општествените и личните принципи, како што се искажани во Заветот и Законите.

## Цел:

Целта на Извидниците е да охрабрува на физички, интелектуален, духовен, емоционален, општествен и личен развој на младите, така што тие ќе преземат конструктивна улога во општеството, како член на нивната локална, национална и интернационална заедница.

## Принципи:

Принципите на Извидништвото идентификувани од основачот, Лорд Баден-Пауел гласат, Извидниците и служат на својата духовна реалност, делуваат со обзир на потребите на другите и ги користат своите вештини за да се подобрат себеси, своето семејство и заедницата во која припаѓаат.

## Извидничкиот Завет:

*Во моја чест,*

*Ветувам дека ќе дадам се од себе*

*Дека ќе ја исполнувам својата обврска кон државата и духовните вредности,*

*Дека ќе им помагам на другите во секое време,*

*И ќе се раководам во согласност со извидничките закони.*



## Извидничкиот Закон:

- На извидникот му е чест да му веруваат
- Извидникот е корисен
- Извидникот е добар другар
- Извидникот е учтив
- Извидникот е оптимист
- Извидникот е верен и одговорен
- Извидникот постојано учи и ги применува стекнатите знаења
- Извидникот ја цени природата
- Извидникот ги цени и развива духовните и културните вредности
- Извидникот е едно со мислите, зборовите и делата

**БИДЕТЕ ПОДГОТВЕНИ – МОТОТО НА ИЗВИДНИЦИТЕ**

*Основната програма е збир на тоа* ***ШТО*** *младите луѓе го работат во извидништвото (активностите),* ***КАКО*** *го изведуваат тоа (Извидничкиот метод), и причината* ***ЗОШТО*** *го прават тоа (ЦЕЛТА).*

Извидничката програма се фокусира на активности во природа, граѓанска и општествена служба, лидерство и персонален развој и вклучува голем број на активности. Кога веќе веруваме дека активностите кои ние ги изведуваме го поттикнуваат развојот на младите во повеќе сегменти од нивниот живот, Сојуз на извидници на Македонија, и секоја локална организација би требала да има кристално разбирање и свест за тоа што сакаме и што треба да се постигне во развојот кај младата личност (во контекст на едукативни цели) и тогаш да се осигураме дека прикладни, релевантни и поврзани активности се организираат да се постигнат овие цели.

Исто така мораме да запомниме дека како неформално едукативно движење ние имаме лично наш активен метод на (само) едукација, односно „Извидничкиот метод''.

Користејки го извидничкиот метод и сите негови компоненти не доведува на пола пат до постигнувањето на едукативното влијание кон кое целиме.




Извидничкиот метод е клучен дел од извидничкиот едукативен систем. Тој може да се дефинира како систем на степенесто само-образование, кој го дополнува училишното и семејното образование. Методот во извидничкото движење има седум составни елементи. Тие го представуваат клучниот пристап и специфичноста на извидништвото што ги дели од останатите образовни организации.

Тоа се:

- Работа во мали групи
- Учење преку работа
- Живот во природа
- Прогресивна рамка
- Симболичка рамка
- Завет и закони
- Поддршка од возрасните



## Работа во мали групи

Работата во мали групи преку добра комуникација, дружење, поддршка и соработка, води кон активно вклучување на секој поединец во работата на групата и тој го пронаоѓа своето место и улога во нејзе а воедно ги согледува и своите одговорности во групата. Секој член на групата има свои права и обврски кои водат кон остварување на заедничка цел и поефикасна работа во групата.

## Учење преку работа

Учење преку работа значи развој како резултат на искуство од прва рака, што е спротивно од теоретската настава. Тоа се одразува на активниот начин на кој младите го стекнуваат своето знаење, вештини и ставови и го претставува Извидничкиот практичен пристап кон образованието. Учењето преку работа исто така им овозможува на сите во патролата активно да се вклучат во процесот на превземање на сопственоста, со помош на своите врсници и возрасните волонтери.

## Живот во Природа

Природата одсекогаш била предизвик за луѓето поради тоа што пружа многу можности за нејзино користење, истражување, релаксирање и.т.н.  Животот во природа е значаен од повеќе аспекти. Пред се човекот е дел од природата и тоа е неговото природно место каде тој може да постигне квалитетен и здрав физички, духовен и интелектуален развој. Покрај тоа преку животот во природа човекот го гради својот карактер на вистинските вредности. Во времето во кое живееме

практикувањето на овој метод е многу значаен со обзир дека членството во главно живее во урбаните средини изложено на негативните ефекти и трендови. Животот во природа односно престојот го крепи здравјето на човекот но воедно и ја подига свеста за екологија. Како средина за едукација природата, доколку се користат правилните методи е најбогата и најквалитетна училница за физички, духовен,... интелектуален развој.

## Прогресивна рамка

Прогресивната шема го обезбедува развојот односно постојаниот напредок на членовите во организацијата со помош на систематската поврзаност на програмските целини. Целините се надоврзуваат постепено преку различни методи на работа. Со цел да се стимулираат членовите пред себе секогаш имаат нови предизвици.

## Симболичка рамка

Симболичката рамка е метод на работа каде креираме систем на вредности по пример на некоја култура, филм, бајка. Било тоа да се реални или не тој систем има за задача да ги води членовите чекор по чекор на тој начин што членовите ќе се пронајадат во својот идол од филмот, бајката и.т.н. Водејки се по тој систем членовите ги усовршуваат своите кодекси, даваат пример на останатите а истовремено го градат својот личен развој по патека во која тие се пронаоѓаат. Важно е симболичката рамка да

одговара на вистинските потреби на децата и младите на истата возраст и да го привлече нивниот интерес и го подигне ентузиазмот.

## Завет и закони

Овој метод  на работа представува негување на системот на вредности, кои допридонесуваат да секој член биде горд и доследен на заветот и законите, градејќи свој кодекс на однесување и  преданост на мисијата, принципите, целите и традицијата на својата организација.

## Поддршка од возрасните

Возрасните во младинските организации имаат круцијална улога и заземаат значајно место.  Суштината на вклучувањето на возрасните во организацијата е во подршката при спроведување на програмата.

Области на личен развој:

Програмата препознава пет области на личен развој плус една(Развој на карактерот):

- Физички Развој
- Интелектуален Развој
- Емоционален Развој
- Социјален Развој
- Духовен Развој

Развојот на карактерот е на друго ниво. Тој е во димензијата на персонален идентитет и волја. Тој ги обединува сите други области во процес на личен развој. Без димензијата на карактер, личноста нема да има улога во сопствениот развој. Дефиницијата на областите на развој е основна почетна точка во креирањето на Извидничката програма.

Извидништвото ги зема сите димензии од човечкиот карактер во предвид и препознава неколку области на развој, на кои се базираат извидничките едукативни цели. Овие области не треба да ги сметаме како одделни елементи, напротив тие се дел од една целина. Всушност тие формираат една целина, а тоа е идентитетот на една личност.

Идентитетот е целина во која се интегрираат сите области на развој. Карактерот завзема голема улога бидејќи тој ја обединува личноста и го креира нејзиниот идентитет.




Телото се чини дека е коренот на се друго, емоциите, интелектот и социјалната природа. Преку нашите сетила го откриваме светот околу нас и комуницираме со другите. Сепак, физичкиот развој е под влијание на емоциите и општествените односи. Прекумерената тежина како пореметување е најчесто предизвикано од емоционални проблеми. Духовната димензија се однесува на смислата на животот. Таа неможе да се развие независно, од една врска со другите или со себе. Таа е базирана на дружељубивост, интелегенција и емоции. На крај, карактерот е димензија која ја обединува личноста и го формира нејзиниот идентитет.

Би било голема грешка да ја поделиме секоја област на развој независно од другите. Напротив, нашите едукативни цели се да им помогнеме на децата да прераснат во млади личности кои постепено ќе го градат својот идентитет и ќе ја развиваат својата независност. Поради оваа причина Баден-Пауел му дал приоритет на развојот на карактерот.


Intellectual
Affective
Spiritual
Character
Physical
Social

# ФИЗИЧКИ РАЗВОЈ



Стекнување на одговорност за развојот и функционирањето на сопственото тело

ОБРАЗОВНИ ПАТЕКИ

## А) Идентификување на потребите

- Разбирање како функционира своето тело
- Разбирање на промените на своето тело
- Разбирање на врската помеѓу своето тело и околината, телото има свој биоритам (кислород, правилна исхрана, одмор-сон)
- Почитување на своето тело, избегнување на злоупотреба

## Б) Оддржување на своето тело и здравје

- Здравје и хигиена
- Исхрана
- Вежбање

## В) Ефикасност

- Развивање на сопствените сетила: допир, вид, мирис, вкус и слух
- Развивање на отпорност, сила, флексибилност, агилност и само-контрола
- Надоместување за сопствените хендикепи

## ИНТЕЛЕКТУАЛЕН РАЗВОЈ

Развивање на способноста за мислење, иновирање и користење на информации на оригинален начин со цел да се прилагоди на нова ситуација

ОБРАЗОВНИ ПАТЕКИ

### А) Собирање на информации

- Љубопитност
- Испитување
- Истражување
- Набљудување

### Б) Обработување на информации

- Анализирање на информации
- Сортирање и класифицирање
- Помнење

### В) Решавање на проблеми

- Инвентивност и креативност
- Експериментирање
- Хипотеза и заклучок

## ЕМОЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Препознавање на сопствените чувства и правилно изразување на истите, со цел да постигне чувство на слобода, баланс и емоционална зрелост

ОБРАЗОВНИ ПАТЕКИ

### А) Пронаѓање на себеси

- Препознавање и прифаќање на своите емоции
- Откривање на своето јас

### Б) Само-изразување

- Изразување на своите чувства користејќи креативни начини

### В) Одговорност и само-контрола

- Контролирање на своите чувства и емоции со цел да се почитува својот интегритет и интегритетот на другите
- Почитување на чувствата насочени кон себе
- Контролирање на агресија

## СОЦИЈАЛЕН РАЗВОЈ



Запознавање со концептот на меѓу-зависност со другите, развивање на способност за соработка и лидерство

ОБРАЗОВНИ ПАТЕКИ

### А) Комуникација и односи

- Развивање на чувство за вредноста на односите со другите (прифаќање на разлики)
- Стекнување на комуникациски вештини
- Еднаквост помеѓу маж и жена
- Одбивање на социјалните или националните стереотипи и предрасуди

### Б) Соработка и лидерство

- Учење на соработка: градење на тимски дух, превземање улога во група, разбирање на меѓу-зависноста
- Превземање на одговорности со цел да им помогне на другите

### В) Солидарност и служба

- Препознавање на меѓу-зависноста кај индивидуалците и заедницата
- Развивање на чувство за припадност во поголема заедница
- Развивање на чувство за служба и општо добро: прифаќање на демократските вредности и социјалната правда

## ДУХОВЕН РАЗВОЈ

Стекнување на поголемо знаење и разбирање на духовното наследство во својата заедница, откривање на духовната реалност која му дава значење на животот и донесување на заклучоци во секојдневниот живот, почитувајки ги убедувањата на другите.

ОБРАЗОВНИ ПАТЕКИ

А) Прием



- Слушање
- Отворен е кон другите
- Сочуствува

Б) Размислување

- Чувствителен према чудата на природата и животот
- Ја препознава духовната реалност во нив

В) Работа

- Има активна улога во сопствената заедница
- Поделба на одговорност
- Соработка со другите за да се донесе напредок

Г) Мудрост

- Развивање на одговорност према себе
- Способност за практикување само-дисциплина

Д) Почитување

- Признавање на значењето на изминатите искуства, способност да ги искаже

Ѓ) Духовно откритие

Истражување и откривање на духовното наследство во сопствената заедница

- Извлекување на заклучоци за сопствениот живот

Прифаќање на обврските кон себе и потребата од учење, усовршување и развивање. Вклучување, донесување одлуки, поставување цели и идентификување на потребните чекори со цел да се постигнат.

ОБРАЗОВНИ ПАТЕКИ

## А) Идентитет

- Откривање и идентификација
- Поставување цели за личен развој

## Б) Самостојност

- Да ги препознава работите кои влијаат врз него
- Способност да донесе одлука, направи избор и да ги прифати последиците од истиот

## В) Обврски

- Ги препознава ризиците и постапува соодветно
- Посветеност кон обврските и зададените задачи
- Истраен иако наидува на потешкотии

# РАЗВОЈНИ ПОЛИЊА И ОБРАЗОВНИ ПАТЕКИ

# ФАЗИ НА РАЗВОЈ

Во развојот на децата и младите може да се идентификуваат повеќе фази. Различни области на персонален развој влијаат едни врз други во одредени периоди со цел да создадат баланс или дебаланс, овој процес се вика фаза. Овие фази претставуваат последователни чекори во процесот на развој.

## Пубертет

Оваа настанува помеѓу 10 и 12 години, со појавата на голем број промени, како на лично (физички развој, интелектуален развој) така и на социјално ниво (промена од основно во средно училиште). Некои психолози оваа фаза ја нарекуваат криза на рана адолесценција, која што се прикажува преку отфрлање на правилата од детството, предизвикување на авторитетот на постарите, приклучување на помали групи во општеството и др. Ова е период на спротивставување и одбивање на претходните идентификации. Детските правила и прописи се доведени во прашање. Сепак се појавува способност да се



создадат нови правила преку заедничка согласност. Тоа го најавува развојот на моралната самостојност и прифаќање на моралните принципи како начин на споделување на правата и обврските во рамките на една група.

## Адолесценција

Помеѓу 13 и 15 годишна возраст се појавува нова фаза наречена адолесценција. Оваа фаза настанува со стекнувањето на сексуална зрелост, воспоставување на родовиот идентитет и способноста за апстрактно логичко размислување. Сепак фазата на реконструкција која започнува од 10-12-та година само продолжува, т.е. нова фаза започнува дури околу 16-17-та година наречена доцна адолесценција. Измеѓу 11 и 16-та година децата поминуваат низ една бурна фаза, во која ритамот на развојот зависи од полот(девојчињата созреваат побрзо од момчињата), социјалните и културолошките фактори. Ова го објаснува широкиот спектар на возрасни секции кои ги користат националните асоцијации. Сепак, направена е јасна разлика помеѓу рана адолесценција од 11 до 15 години и доцна адолесценција од 15 до 18 години. Потоа започнува фазата на младост и нејзиниот најголем предизвик, превземање улога на возрасен и станување конструктивен член во општеството.



| ВОЗРАСТ | ФИЗИЧКИ РАЗВОЈ | ИНТЕЛЕКТУАЛЕН РАЗВОЈ | ЕМОЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ | СОЦИЈАЛЕН РАЗВОЈ | ДУХОВЕН РАЗВОЈ | КАРАКТЕРЕН РАЗВОЈ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 10-12 ГОДИНИ | Започнување на пубертетот; забрзување на растот; несмасност; појава на секундарни сексуални карактеристики | Фаза на конкретни логички операции; развој на капацитетот за логичко размислување на апстрактни податоци | Будење на сексуални импулси со почетокот на биолошкиот пубертет; силни, но збунувачки емоции; потреба од пријателства | Детските правила и прописи се доведуваат во прашање; способност да создаде нови правила преку взаемна согласност; формирани групи во интерес на заеднички | Развој на морална независност; Прифаќање на морални принципи, како начин за споделување на правата и обврските во рамките на групата | Период на противење и одбивање на претходните идентитети |
| 13-15 ГОДИНИ | Достигнување на сексуална зрелост | Достигнување на фаза на нормални логички операции(донесување на одлуки преку хипотези и заклучоци) | Развој на сексуалниот идентитет; адолесцентска криза, идеализам и депресија; возраст на пријателства; привлечност спрема спротивниот пол | Период на социјална реорганизација; спротиставување на авторитети; напори да се дефинираат лични морални вредности; | Религиозните практики од детството се доведуваат во прашање; употреба на симболи за да го изразат духовното значење; интерес во идеологии и религии | Криза на идентитет; потрага по нови модели за развивање на сопствениот идентитет |
| 15-17 ГОДИНИ | | | Солидарност со врсниците; грижи, интензивна возбуда; потреба за сигурност, успех и остварување | Индивидуална свесност за принципи; | Прифаќање на универзалните вредности (човекови права) | Креирање на претстава за себе; развој на идентитет |

# ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ

| ФИЗИЧКИ РАЗВОЈ | ПУБЕРТЕТ | РАНА АДОЛЕСЦЕНЦИЈА | ДОЦНА АДОЛЕСЦЕНЦИЈА |
|---|---|---|---|
| ОДГОВОРНОСТИ | Вклучување во активности кои придонесуваат кон развојот на сопственото тело | Го почитува своето и телото на другите | Одржува добра физичка состојба |
| ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ПОТРЕБИ | Препознавање на промените кои се случуваат во телото при развојот | Ја препознава врската помеѓу физиолошките и психолошките процеси во неговото тело | Ги препознава физиолошките и психолошките разлики во развојот кај момчињата и девојчињата |
| ОДРЖУВАЊЕ | Помага при превенција на ситуации кои би влијаеле на неговото или здравјето на неговите пријатели | Постапува правилно во случај на болест или несреќа | Се грижи за своето здравје и избегнува навики кои би можеле да му наштетат |

| ИНТЕЛЕКУАЛЕН РАЗВОЈ | ПУБЕРТЕТ | РАНА АДОЛЕСЦЕНЦИЈА | ДОЦНА АДОЛЕСЦЕНЦИЈА |
|---|---|---|---|
| СОБИРАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИ | Покажува интерес да го зголеми своето знаење за она што се случува околу него | Ги проширува полињата на знаења кои ги учи за себе | Го фокусира своето учење на предмети поврзани со неговите кариерни опции |
| ОБРАБОТКА НА ИНФОРМАЦИИ | Способен е да ги изрази своите мисли за ситуации кои ги искусил | Покажува способност да анализира ситуација од различен пристап | Покажува способност да сумира, критикува и дава предлози |
| РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИ | Препознава различни елементи од еден проблем | Се вклучува во проекти кои претставуваат несекојдневни решенија на обичен проблем | Активно учествува во проекти кои користат инвентивни технологии |

| ЕМОЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ | ПУБЕРТЕТ | РАНА АДОЛЕСЦЕНЦИЈА | ДОЦНА АДОЛЕСЦЕНЦИЈА |
|---|---|---|---|
| САМО ИЗРАЗУВАЊЕ | На различен начин изјавува што преживува, мисли и чувствува | Ги споделува своите грижи, желби и чувства | Постојан дијалог со своите пријатели и родители |
| САМОСВЕСНОСТ И УРАМНТОЖЕНОСТ | Ги идентификува причините за неговите реакции и импулси | Препознава тенденции како осаменост, срамежливост, бунтовност и несигурност и прогресивно учи како да се справи со нив | Се справува со неговите емоции и чувства, постигнува стабилна состојба на умот |
| САМОУВЕРЕНОСТ И ПРИЈАТЕЛСТВО | Го слуша мислењето на другите и ги изразува разликите соодветно | Ги изразува своите мислења покажувајќи почит кон другите | Знае како да ги изрази своите мисли слободно во различни ситуации, притоа да не ги отфрли и навреди другите |

| СОЦИЈАЛЕН РАЗВОЈ | ПУБЕРТЕТ | РАНА АДОЛЕСЦЕНЦИЈА | ДОЦНА АДОЛЕСЦЕНЦИЈА |
|---|---|---|---|
| ОДНОСИ И КОМУНИКАЦИЈА | Покажува дека луѓето поинакви од него имаат еднакво достоинство | Покажува отвореност кон различни мислења, социјални класи и начин на живот | Може да препознае и предизвика различни полови и етнички стереотипови и предрасуди |
| СОРАБОТКА И ЛИДЕРСТВО | Покажува способност да донесе заедничка одлука и да влијае врз неа заедно со тимот | Помага во поставување на правила во групата во која што припаѓа | Способен е да игра улога на лидер(медиатор, ментор) во група |
| СОЛИДАРНОСТ И СЛУЖБА | Може да дава коментари за човековите права во група | Покажува длабока загриженост врз прекршување на човековите права и постапува правилно | Дава предлози и помага во организација на општествено корисни проекти превземени од неговата група |

| ДУХОВЕН РАЗВОЈ | ПУБЕРТЕТ | РАНА АДОЛЕСЦЕНЦИЈА | ДОЦНА АДОЛЕСЦЕНЦИЈА |
|---|---|---|---|
| ДУХОВНО ОТКРИВАЊЕ | Го открива и изразува духовното значење на неговите искуства | Способен е да го препознае духовното значење од личните и колективните искуства | Подготвува и води активности кои целат кон помагање на членовите од неговата група за да го откријат духовното значење од нивните искуства |
| ДУХОВНО РАЗБИРАЊЕ | Споделува со луѓето од различни вери без предрасуди | Го продлабочува знаењето околу духовното наследство на својата фамилија или заедница | Постигнува по личен, значаен и индивидуализиран став кон вербата и верата |
| ДУХОВНА ОБВРСКА | Покажува интерес за делување доследно со неговите убедувања посебно во тешки моменти | Постојано бара поврзаност помеѓу неговите акции и верувања | Истраен е во обврските кои ги има превземено базирани на неговите верувања |

| РАЗВОЈ НА КАРАКТЕРОТ | ПУБЕРТЕТ | РАНА АДОЛЕСЦЕНЦИЈА | ДОЦНА АДОЛЕСЦЕНЦИЈА |
|---|---|---|---|
| ИДЕНТИТЕТ | Способен е да ги прифати и оцени критиките направени околу неговото однесување | Способен е да се погледне себеси на критички начин | Способен е да ги претстави неговите вештини и ограничувања за во понатамошниот живот |
| САМОСТОЈНОСТ | Способен е да донесе одлука самостојно и да ја имплементира | Ја прифаќа истрајноста како вредност и ја зема како правец во понатамошниот живот | Ги изразува своите гледишта со самодоверба |
| ОБВРСКИ | Превзема одговорност за неговиот развој и поставува цели кои се стреми да ги достигне | Способен е да управува со своето време притоа поставувајќи приоритети | Поставува долгорочни цели кои се стреми да ги достигне |

Основач на извидничкото движење е ***Лорд Роберт Баден Пауел***.

Роден е во Лондон 22 Февруари 1857 година.




Во летото 1907 година Б.П. составил 22 деца од различни социјални слоеви и ги однел на островот Браунси (блиску до Лондон), организирајќи прв експериментален логор. Патролите на ова логрување биле гавран, волк, бизон и галеб. Членовите ги нарекол извидници по сеќавање на војните извидници кои се бореле со него во Бурската војна. Организација ја нарекол “Boy scout association”. Така 1907 година се смета за почеток на извидничкото движење. Јавноста се запознала со организација кога во 1908 година била публикувана неговата книга “Scouting for boys” која е продадена во повеќе од 200 000 примероци. Книгата денеска е преведена на повеќе од 40 светски јазици.

Извидничката организација се проширила многу брзо низ целиот свет, а во 1920 година е основана меѓународната извидничка канцеларија. Б.П. во 1912 година се жени со Оливија Сен.Клер Соамес која станува негова голема подршка за развој на извидништвото а покасно и лидер на “Girl guides”.

Б.П. умрел на 8 Јануари 1941 година и е погребан во Најроби, Нигерија.

***WOSM (World organization of scout movement)***
***Светската организација на извидничкото движење***

Извидништвото како движење постои во повеќе од 216 држави и региони. Свтесктата организација на извидничкото движење (WOSM) е меѓународна организација која ја составуваат членки на национални извиднички сојузи и организации.

Сојузот на извидници на Македонија припаѓа на европскиот извиднички регион а покрај него постојат и следниве региони:

Интер американски, афркинаски, арпаски, еуроазиски и азијапацифички. Од своето основање во 1907 година па до сега, извидништвото никогаш не престанало да расте.

Денес има повеќе од 31 милион челнови-момчиња и девојки. Извидничкото движење помага во развојот на демократијата и граѓанското општество. Извидниците не претставуваат ниедна политичка партија или организација а сепак активно се вклучуваат на градење на заедницата и татковината.

### *Сојуз на извидници на Македонија*

Сојузот на Извидниците на Македонија има долга традиција, уште од 1921 година. Во тогашна Македонија се формирани првите Стегови и тоа на територијата на Скопје, а во текот на 1923 год. и 1924 год. формирани се повеќе такви Стегови и тоа во Куманово, Штип, Битола , Струмица и Гостивар, а со самото тоа е формиран и Вардарскиот Извиднички регион со седиште во Скопје.

Во почетокот од 1921 до 1940 година се споменува дека се организирани многу летни логори и школи, а како една од најмасовните акции/активности во тој преиод е заведена и прославата на осумдесетиот роденден на основачот на Светското Скаутско Движење, лордот Роберт Баден Пауел.

За време на втората светска војна поради затекнатата ситуација престануваат сите активности на Скаутската организација во Македонија.

Во 1953 год. Од страна на поранешни членови на Извидничката организација се основа слична на неа но со нови име – Сојуз на извидници на Македонија. За прв Старешина на Сојузот е избран Васил Ѓоргов, а за негови заменици Божидар Ничота и Нико Този.По ова Сојузот работи на својата програма и организира републички смотри на секои две години, а на секои четири членоството на СИМ учествува на Сојузните смотри. За овој период исто така каракатеристично е она што се остварени и првите меѓународни контакти со во 1959 год. и со белгиските Црвени Ѓаволи во 1960 год. кои престојувале во извидничкиот ценатар Охрид. По осамостојувањето на Република Македонија на 8-ми септември 1991 год. меѓународната соработка на СИМ е на завидно ниво, покрај соработката со Сојузот на извидниците на Југолсавија –СИЈ и сојузот на извидидниците на Словенија – ЗТС,

плодна соработка е остварена со Сојузот на извидниците и извидничките на Баварија –БДП и со Шпанската извидничка федерација-АСДЕ.Во овој период по осамостојувањето СИМ ги остварува и првите контакти со Светската Извидничка организација , а се однесуваат на прием во WOSM ( Светска организација на извидничкото движење).Во тие три години додека се чекаше на прием, СИМ оствари повеќе активности од меѓународен карактер, а тоа беа: учество на Европската Конференција во 1995 год, 18 и 19-то Светско Џамбори во Холандија и Чиле, 34 и 35 Конференција на ВОСМ, 10-от Светски Мут во Шведска во 1996 год.Не треба да се заборави учеството на голем број на извидници од СИМ и големиот број на школи и семинари одржани во Словенија, Кипар, Унгарија , Франција и семинари и Школи одржани од страна на Европското Извидничко Биро.

Членството кое се споеменува моментално е организирано во 15 одреди – единици ширум Македонија и многу нови иницијативи за нови одреди кои моментално се во процедура за исполнување на условите за полноправно членство во Сојузот на извидниците на Македонија.

Во овие повеќе од 60 години на постоење СИМ има традиција на организирање на голем број на ориентациони и полигонски натпреварувања, семинари, школи за водачи , советувања, летни и зимски логорувања и многу други извиднички активности.Покрај активностите на СИМ и одредите ширум Р.М. организираат голем број на ориентациони натпреварувања , а неодамна и Школи за обука на кадри, а на нив приоритет им е работата, воспитувањето и едукација на младите членови.Овие активности се организираат во природа или пак  онаму каде што постојат извиднички центри како што се на Охридското Езеро во Охрид и Струга и ширум цела Македонија каде што се наоѓаат извиднички домови во планина,село или град.Голем датум во историјата на СИМ е 25 јули 1997 година кога Светската организација на Скаутското движење – WOSM соопшти дека Сојузот на извидниците на Македонија е примен за полноправна членка и дека е во алијансата на 146 –те земји членки на WOSM.

# ПРОЦЕСИ, ВОДСТВО, ПРОГРЕСИВНОСТ, СИМБОЛИКА...

**-Како модел за како треба....**

Патролата има водач кој ги насочува членовите кон одредени цели преку кои извидниците ќе се здобијат со нови знаења, компентенции и способности постигнувајки развој и исполнување на образовните цели на извидничката програма.

Едукативните цели на групата не варираат на причината на децата за да се зачленат. Вистина е дека едукативната смисла е вплетена во сите аспекти на патролата, но вие како водач на патролата треба да го знаете тоа. Извидниците во вашата патрола играат, и преку организирана игра тие спонтано учат и ги асимилираат вредностите на животот.

Децата не се приклучуваат во патролата за да учат општи предмети или некој да го мери нивното знаење, тие одат во школо за тоа. Тие не доаѓаат за да добијат таткова љубов или мајчинска грижа, имаат дом за тоа. Тие не доаѓаат да ги исполнат своите религиозни должности, имаат црква или храм за тоа. Тие не се приклучуваат во патролата за да стекнат психички вештини, имаат спортски клубови за тоа. Тие не доаѓаат за да се научат на дисциплина или да почитуваат наредби, ако би го сакале тоа ќе им се приклучиле на армијата.

Што значи дека улогата на водачот не е да биде професор, мајка или татко, поп, инструктор за спорт а уште помалку командант.

Извидниците  доаѓаат да играат и како резултат на животната средина тие растат. Затоа водачот треба да има двојна способност за тоа како треба да игра со нив, да ја минува авантурата, притоа да има придонес на нивниот развој.

**-Запознавајќи ги децата**

Лесно е да се биде постар брат или сестра, поради тоа што многу добри ги познавате помладите. Но не е лесно со деца кои доаѓаат од други домови или околини.

Вашата прва задача е да ги запознаете девојчињата и момчињата во својата патрола. Знењето треба да има два аспекта: од една страна се главните карактеристики за децата од 11 до 14 години, а од друга страна, уникатната природа на секое дете, која зависи не само од карактеристиките на групата но и на безброј фактори од нивната лична историја и нивната околина.

За да ги запознаеш сите деца како индивидуи потребно е да поминете долго време со нив, внатре и надвор од патролата, да ја запознаете околината во која тие живеат/функционираат, да ги набљудувате нивните реакции, да ги слушнете нивните фрустрации и желби... исто како постар брат или сестра.

**-Како да ги забавувате**

Има неколку работи кои се атрактивни исто како играње. Деца и возрасни играат заедно без да научат како.

Возрасните играат на возрасен начин. За нас забавата е правење пауза и стапнување во рекреативен простор кој ни овозможува да се подобриме себеси и да се вратиме ре-креирани во нашите дневни обврски и нивните одговорности. За децата забавувањето е единствениот свет кој постои и играњето е единствениот начин да бидат дел од животот околу нив за да станат возрасни.

Затоа ние како возрасни кога играме со децата не е само играње туку начин да научиме како да играме со нив.

Водачот кој влегува во игра со деца е сеуште возрасен, кој е способен да идентификува и ужива во играта исто колку и нив, но несмее да се збуни со нив. Улогата на возрасниот, преку играње е да им помогне да увидат некои работи кои можеби и не ги приметиле.

**Затоа лидерот:**

- Ја збогатува играта/авантурата, ја носи до највисок степен на можности, но и го намалува ризикот со тоа што секогаш е пазлив, знаејќи колку далеку можат децата да одат и пази на опасноста за која децата не се свесни. Водачот ја прави играта позабавна, но треба да знае како да исчезне кога не е потребен и да биде спремен кога треба повторно да се појави.
- Ја живнува играта со мотивација/авантурата, ги охрабрува децата, ги мотивира кога ќе изгубат мотивација, ја буди нивната желба за предизвици, ја креира правата околина за играта да има едукативен ефект и да ги охрабрува децата да научат повеќе.
- Ја регулира играта/забавата/авантурата, секогаш да биде тука за да ги потсети децата на правиалта, да знае кога играта да ја смири а кога да ја воззбуди, достапен да помогне и да ги охрабри децата да одбираат, организираат, подобрат и оценат својата игра или активност.

Лидерите кои ја играат добро својата улога, кои ја збогатуваат и регулираат играта на децата и ќе помогне да придонесе максимален едукативен бенефит.

**- Имајте едукативен став и бидете одоговрен**

Повозрасните брат или сестра се секогаш слободни да ги ислушаат помладите, да ги водат, поправат или заштитат. Тоа го прават на природен или спонтан начин без да научат како.

Водачите во извидници треба да го прават истото. И сето тоа пред да се здобијат со квалификации кои можат да им помага во нивните задачи, поради тоа што нема замена за природна склоност кои возрасните го добиваат за едукација на децата.

**Мора да се каже дека постар брат или сестра има предност пред водачот на патролата: што е нормално.**

**Немаме сите природна склоност кон децата кои не се наши браќа и сестри или наши деца. За да се биде добар водач на извидници, со надеж дека ќе бидете добри водачи во извидништвото, кои се однесуваат добро со деца, мора да се запрашаме искрено дали сме, или мислиме дека може да развиеме, дека едукативниот став кој е добро искажан е атрибут на постар брат или сестра.**

**Поголемите брат или сестра исто така имаат предност пред водачот во врската помеѓу нив и децата. Нивните грешки или оправдувања секогаш ќе бидат контролирани од нивните родители со одреден степен на толеранција, како резултат на темперамент или недостиг на љубов и безбедност или фактот дека се во процес на растење.**

**Но тоа не е случај на водачите. Нашиот едукативен став не е осуден од нашите намери, туку преку резултат и преку поврзаноста со децата на дневна база. И со деца кои не се членови на нашите семејства , грешките мора да се намалат на минимум и недостатокот не смее да биде дозволен.**

**Како водачи мораме да бидеме одговорни не само од едукативна перспектива, туку и несмеат да го прекршат законот. Децата имаат права кои мораат да бидат почитувани и ова е перфектно време да запомните дека кој и да ги прекрши овие права мора да биде целосно одговорен за нивните дејности.**

**Едукативниот став и одговорноста која ние ја препорачуваме за ние да ја поседуваме е:**

- **Зрел и емоционално стабилен**
- **Искрен во секое време**
- **Постојано етузијасти**
- **Безкрајно трпеливи**
- **Секогаш спремни да сослушаат**
- **Тактичен и почитуван**
- **Скоро имун на фрустрации и неуспеси**
- **Можност да се спротистави на искушението да се биде авторитетен или агресивен, и спремен да започне одново и одново.**

**Едукативната задача дури и за волонтери како водачи бара став и одговорност.**

**-Да се биде модел**

Водачите на патролата успеваат на децата да им ги вметнат вредностите и односувањата преку примери наместо преку зборови.

Процесот при кој детето мисли и реагира не вклучува логички линк мегу слушањето, анализирањето и реагирањето, наместо директен или спонтан линк помеѓу надгледување и имитирање. Детето не си вика само на себе дека правилата и лидерот зборат

за одговорност и затоа треба да се чуваат. Наместо тоа, тие почесто го сакаат тоа што ќе го видат и направат на истиот начин, особено имитрајќи ги луѓето кои тие ги сакаат и им се восхитуваат.

Имитација не форма на учење ексклузивно за детството, поради тоа што и возрасните го применуваат тоа што нивните сакани личности го прават.

Да се биде модел не е многу тешко ако настапиме со искреност и сме во согласност со тоа што го правиме и кажуваме. Но може да излезат компликации ако сме загрижени со нашето однесување пред развигорците.

**Вашите извидници ќе се восхитуваат ако ве видат како морално искрена и емотивна личност во врска со самите себе, со светот, со околината и со господ е пример за едукативниот предлог на Извидничкото Движење. Секако дека нема да го сватат така, но тие се алармирани на се што вие правите и ќе ги осетат вашите вистински вредности преку вашето дејствие.**

**-Учиме постојано**

Кога се обраќаме на целта на Извидничкото Движење, велиме дека се состои од придонес на целокупниот развој и едукација во тек за деца и млади. И ако тоа помине кај младите тогаш е валидно и за водачите, особено земајќи го во предвид тоа што ние сме повикани да оставиме впечаток.

За среќа ние никогаш не престануваме да учиме и во голем степен е префрлено на нас да се здобиеме со ново знење и да делиме нови искуства, постојано растејќи.

Ова се однесува не само на нашите животи во главно, но и во нашите улоги на извиднички водачи, поради тоа што знаењето и искуството што можеме да го добиеме имаат директен ефект на нашата работа со деца.

Рековме дека мора да имате едукативен став, кој се појавува во нашиот пристап, но сега е јасно дека тоа не е доволно. Вие морате да развиете едукативна способност која ќе ја демонстрирате во тоа што знаеме и колку добро може да го прикажеме.

**Оваа способност се достигнува со наш постојан развој во сите аспекти на нашиот живот, но за нашата работа во јатото има основен минимум на знаење и вештини кои ни ги овозможува нашиот сојуз преку тренинг. Од суштинско значење е да се завземе удел во курсевите кои се во програмата на вашиот личен тренинг план и да се биде во постојан контакт со вашиот личен тернер.**

**-Да има време**

Состаноците со патролата, вашиот тренинг, подготовките, состаноците еден на еден со децата, се побарувачки на кои мора да им се посветите.

Ова треба да биде квалитетно и слободно време. Ако неделниот состанок трае 3 часа, дозволете си барем истото време повторно со патролата да го поминете. Направете го ова време тивко, без останати притисоци врз вас.

Ова бара лична дисциплина. Бара да го организирате вашето време, делејќи го помеѓу вашите различни обврски. Не земајте обврски на кои неможете да стигнете и секогаш доаѓајте на време.

**-Направете обврска во зададен период**

Вашата обврска на работата во јатото треба да биде во веќе закажан период, идеално за 3 години. Ова ќе ви овозможи да направите придонес за заедничка цел, ви гарантира некои резултати и набљудување на личен развој на децата чиј напредок вие ќе го гледате.

Патролата нема да биде стабилна ако водачот не е стабилен. А вие нема да пораснете како личност и како водач ако не ги направите задачите во дадениот период. Ако сте стабилни ќе се развиете во работата и ќе уживате во процесот.

**-Кажувајте им на луѓето што ќе правете**

За некои луѓе извидништвото е начин на кои децата се забавуваат е се одтргнати од зло, за други е начин за организирање и вметнување на малку “дисциплина”. И секако има луѓе кои мислат дека извидништвото е само безопасна игра, што е малку наивно.

Сите овие слики покажуваат кон незнаење на есенцијалната едукативна природа на Извидничкото Движење. Сојузите секогаш бараат можности да го сменат ставот на децата и имаат издадено неколку публикации во кои е објаснето што правиме. Но тоа никогаш нема да биде доволно освен ако, ние како водачи им го објасниме и демонстрираме на луѓето едукативниот карактер на извидништвото.

Ова е многу важно поради тоа што овие ставови влијаат на околината околу тебе и демантираат дали е или не е твојата работа прифатена од страна на властите во твојата околина. Директорот на училиштето, професорите, дури и родителите понекогаш им е потребна подршка едноставно тоа што не се запознаени со длабочината на Извидничкото Движење.

**Мораме да знаеме како да комуницираме, за тоа што правиме за луѓето околу нас. Прв неопходен чекор е да ја работиме нашата работа одлично, но исто така е важно останатите да знаат дека тоа го правиме одлично.**

**-Градење на тим**

Водење на патролата не е работа за еден човек, колку и да е тој човек надлежен и енергичен. Тоа е задача за добро интегриран тим кој споделува одговорности еднакво помеѓу членовите.

Ако сте сериозни за вашата работ, тогаш овој тим мора да има барем 1 водач за секои 8 деца, сите возрасни над 17 години.

Главнаите задачи на администрацијата и организацијата се делат на членовите на тимот. Која и да е одговорноста во тоа подрачје, секој зема одговорност да го надгледува развојот на највеќе 10 деца.

Еден од водачите е водач на развигорците а останатите се помошници.

**-Специфична функција на индивидуални членови на тимот**

Нема стрикна диференцијација во патролата помеѓу функциите на тимот од водачи како група и нивните функции како индивидуални водачи. Секој тим мора да распредели задачи така што некој ќе земе задача за нешто што има искуство.

Како главен водич, во линија на тоа што досега го кажавме, сите членови на тимот се водачи, небитно на која позиција, мора да ги следи следниве специфични функции:

- Да се разгледаат индивидуални потреби на децата, охрабрувајќи ги да ја користат својата иницијатива и да завземат удел во активностите.
- Придонесување на правилно функционирање на децата, бидете сигурни дека членовите се интегрирани, информирајте ѓи децата за секоја промена на програмскиот циклус и направете ги потребните периодични промени.
- Придонесување на развојот, планирањето, донесување проценка кои ќе стојат во секој програмски циклус.
- Придонесување на надгледување и проценка на личниот развој на децата, и земајќи целосна одговорност за проценката на личниот развој на децата.
- Држете чест контакт со родителите кој го следат најголемиот развој на децата, и во некои случаеви со

професорите кои се исто така задолжни за нивното образование.

- Учествувајте активно и регуларно во состаноци со јатото и сите останати релевантни состаноци.
- Извршување на административните и организациските задачи кои му се зададени на тимот.

**-Водач на извидници**

Покрај наведените функции погоре, водачот на извидниците има различни координациски задачи во својот капацитет како главен на тимот, како што се:

- Организирање на состаноци со патролата, без оглед на одговорностите кои се поделени на другите водачи.
- Менаџирање на процесот на планирање на активностите според потребите на програмскиот циклус.
- Координирање на задачи за надгледување на личниот развој на децата.
- Охрабрувачки и надзорен личен тренинг на водачите на тимот, директно или преку личен тренинг.
- Координирајте ѓи активностите на патролата со останатите групи во одредот.

Извидниците се потикнуваат ко исполнување на извидничката програма преку прогресивна рамка која ги стимулира извидниците да се залагаат кои испонување на повисоки нивоа на знаења, споесобности и вештини.

Целта на прогрсивната рамка е извидникот низ неколкуте степени да го продолжи својот развој, продлабочувајки ги своите знаења, способности и вештини. За доделување на соодветен степен е задолжен самиот водач кој на крајот на годината според „патролниот дневник“ и секојдненото следење на активното учество на поединците го доделува соодветниот беџ.

Со секое постигнување извидникот добива препознавање на неговиот труд и е задоволен од постигнатиот индивидуален успех и успехот на својата патрола. Задачата на водачот е да го следи и евидентира индивидуалниот успех на членовите на патролата како и целокупниот успех на својата патрола и да организира специални пригоди каде ќе ги одликува членовите со постигнатите знаења и достигнувања.

Сојузот на извидници на Македонија има изградено преогресивна рамка со одлики за да го унифицира и поттикне прогресивниот развој на извидниците.

Прогресивната рамка за извидниците е тесно поврзана со симболичката рамка и представува скалесто совојување на континети преку освојување на територии од континентите.

Следствено Првата година извидникот по надминувањето на предизвиците  се здобива со Европа.



Втората година извидникот надминува предизвици во осум области, освојувајки осум територии кон добивањето на Северна Америка.

Третата година извидникот се стреми кон освојување на Африка, и последната година ја освојува Јужна Америка.

Надвор од општата програма секако истовремено  извидникот се здобива и со ознаки за освоени вештини секако по демонстрирањето дека ги целосно совладал истите.

**Извидниците дополнитело имаат две програми :**



**Леденета програма : Артички извидници**

**Програмата на пацификот : Извидници морнари**



Симболичка рамка им  помага на извдниците полесно да го пронајдат своето место во групата и да се вклопи во неа. Преку оваа рамка  извидниците ќе бидат анимирани преку приказната и водени преку симболиката низ програмата наменета за нив.

На тој начин извидникот полесно ќе се запознае со околината која го опкружува и ќе се стекне со способности за нејзино истражување.  Со симболичка рамка сите ги изедначуваме, бидејќи им даваме можност да бидат во улога на некој друг, што на децата на таа возраст секогаш им е забавно.  Задачата на секој водач е на интересен и соодветен начин да пристапи кон изучувањето на целните активности, преку создавање на улоги, приказни, атмосфера, песни, значки, церемонии итн.

Работната симболичка рамка го претставува пристапот на водачот кон равигорецот за време на состаноците. Ваквиот пристап би го добил најголемиот ефект со примена на приказна преку која развигорезот  најсоодветно ќе ја сфати и научи целта на состанокот и својата улога во него.

Преку овој начин на пристап, извидниците најдобро и сликовито би ја запаметиле суштината на активностите, а водачот би си ја олеснил задачата за нивно оценување.

Симболичката рамка за извидниците е претставена преку трагање на богатство и истражување на територии на континенти.

Секоја година се разработува еден континент, кој е разложен на тематските полиња. Со исполнувањето на потребниот број на активности одредената територија е освоена. По освојување на сите територии во текот на годината на крајот се освојува и континентот.

## ВИДОВИ НА РАБОТА

Патролниот состав е основниот облик на организацијата (работа во мали групи). Тој се остварува преку состаноци, излти, логорувања, натпревари и акции од спортски и културни активности.

СОСТАНОЦИ за патроли и дружини се редовни видови на работа. Патролата остварува состаноци, најчесто, еднаш неделно а исто така и дружината. На состаноците се запознаваат со нова стручна содржина, ѓи вежбаат веќе познатите, се договараат акции и други активности и ја селдат работата на членовите и јатата киако целина. Состаноците на младите извидници имаат коминирана содржина и методи прилагодени на нивните психофизички способности. Важен дел од состаноците треба да се посвети на игри, песни и културни активности.

Состаноците се одвиваат патролно, односно дружината како целина или пак во групи, екипи и слично. Состаноците мора предходно да бидат спремни и стручно водени.

ИЗЛЕТИ се организираат као полудневни, еднодневни или повеќедневни, најчесто во природа. За помлади извидници најчесто излетите се со цела дружина или патролно, а понекогаш и одредски.

Излетот е најчест вид на активност во природа, но може да се посетуваат и градови, историски споменици и други дестинации во склоп со програмата и содржината на работата по која патролата се води.

Водачите на дружината подготвува и го води излетот на дружината и координира подготовки за излет на патролите.

ЛОГОРУВАЊЕ е редовен и многу важен вид на работа со дружина или целиот одред. Поопширно под поимот логорување се подразбира сите врсти на повеќедневен престој во природа –

бивак, пловидба, патување со велосипеди, подвижно логорување, зимување итн. Извидничкото логорување е специфичен вид на организирано поминавање на слободно време за младите. Логорувањето во голема мера ги задоволува интересите и потребите на членовите, запознавање, вежбање и примена на стручни извиднички знаења и останати елементи на живот во природа, а потоа индивидуални параметри, способности, иницијатива и креативност на тој заеднички живот, соработка и демократија.

НАТПРЕВАРУВАЊЕТО е многу соодветен начин на работа, а се применува во дружини и одреди или помеѓу патроли во различни стручни дисциплини, на акции или како посебни активности кои можат да траат подолго време. Целта на овој начин на работа е вежбање и пркажување на знаење, способности и соработка, а не борба за престиж. Затоа треба да се даде предност за постигнување на нормата,  а не ислучиво на пласманот. Осбено се важни натпревари со состави со единствени правила и со јасна програмска основа.

АКЦИИ во помала смисла значи опфаќање на некој облик заедничко делување на патролата, дружината одредот или повеќе одреди. Спрема начинот тие се динамични, спремна содржината најчесто тематски, а обично се многу привлечни за членовите. Акциите се важни доживувачки компоненти  на извидничката работа. Извидниците ѓи задоволуваат своите интереси и потреби за индивидуална афирмација и живот исполнет со држба.

Најчести акции за извидниците се: смотра, свечености, маркетинг акции, рентабилни и доброволни акции, еколошки акции, маршови, собранија и останати средби на различни одреди.

СПОРТСКИ И КУЛТУРНИ АКТИВНОСТИ се остваруваат во склоп на сите начини на работа, но во специфични начини на спортски натпревари, културни групи, организирање и изведба на логорски оган и други приредби за членовите и пријателите на организацијата, издавање на патролни, дружински или одредски весник итн. Со тоа се негува извидничката етика, цивилизираното однесување и чесноста на конкурентската постака (“fair play”)

# МЕТОДИ НА РАБОТА

Во извидничките одреди непосредно се одвиваат две основни врсти на активности: индивидуална и заедничка работа на членовите. Оттука доаѓа потребата за различни методски пристапи.

Со тоа активностите и акциите се стекнуваат со нови знаења, вежби и практично применување на тие веќе постигнати знаења, вештини, искуства и способности од подрачјето на општата програма. Со нив се задоволуваат општите потреби и интереси на младите (едукација, спортски активности и сл.). Тие се остваруваат во патроли како целина а еден дел и во дружина. Поединечни елемнти се вежбаат, повторуваат или се прават задачи и активности во мали групи (екипи) во рамките на патролата. Делот за практични знаења и акции се остваруваат и на здружени акции помеѓу одредите.

Водачите на патролите и нивните помошници ја организираат работата на патролите и дружините, спремаат и водат акции и активности. Во процесот на усвојување на знаењата и нови вештини се применува искуството на постарите членови, извидничките инструктори и специјалисти, стручници или соработници на други организации и институции.

Активностите претежно се одвиваат во природа преку улога на секој член од патролата и дружината. Во зависност од конкретната содржина во работата, активностите се применуваат соодветни дидактички методи, со значителен дел од игри, песни, практична работа и меѓусебна соработка на членовите.

Метод на работа (на годишно ниво)

1. Учење преку игра (30 %)
2. Теоретска настава (10 %)
3. Практична настава (60%)

Начин на работа:

1. Работа во група (70 %)
2. Самостојна работа (30 %)

Според местото:

1. Активности во природа (40%)
2. Активности во затворена просторија-одред (30 %)
3. Активности во културно образовни институции (кино, театар, работилници, спортски сали...) (30 %)

Патролата  представува организационата единица во која членуваат извидниците и во која работат и се развиваат водени од водачот.

Една патрола вообичаено брои од 10 до 15 извидници.

Секоја патрола  има свој симбол, песна, знаме и други одбележја кој ќе го презентираат идентитетот на патролата и при тоа извидниците ќе се индентификуваат во својата патрола.

Секој член во патролата има функција и одговорност за истата, при што се гради одговорноста и способноста за тимска работа, обврска кон општеството, и т.н.

Низ работата на патролата како организационен облик извидниците се водени низ извидничката програма и ги надминуваат поставените задачи и предизвици заедно со сите членови а водени од својот водач.

Припадноста во патролата им овозможува на извидниците континуиран облик и средина која овозможува здрава едукација, социјализација и градење односи, развој на сите образовни полиња.

Задачата на секој водач е -заедно со своите извидници да  работи на структурирање на патролата, постигнување идентитет и изнаоѓање функција за секој член, овозможувајки им на сите да го работат она што најмногу го сакаат и она во што се најдобри.

Како да го испланирам состанокот ?

**Предлог шема за планирање на вашиот состанок**

Планирање на состанок/активност

Дата _____________
Место __________________
Специфична цел на активноста: _______________________________
*(*Предлог активности имате во наредниот сегмент од оваа публикација*)

| **Облик** | **Метод** |
|---|---|
| Состанок | Игра |
| Прошетка | Песна |
| Логорување | Практична работа |
| Излет | Предавање |
| Свеченост | Разговор |
| Посета | Цртање |
| Натпревар | Работа со пишување |
| Работна акција | Тимска задача |
| _________________________ | Демонстрација |

Тема:

Времетраење:

Шема на активноста:

Потребни материјали:

Кого да известам:

Регистрација на активност:

Безбедност на активноста:

Пристапност и подобност на активноста:

**Регистрација на активност и комуникација со јавност**

**Регистрација на активност**

Со цел да се постави платформа на која ќе се следат активностите на вашата патрола и ќе се води евиденција за истите потребно е активностите на вашата патрола, состаноците да ги регистрирате на националната платформа – www.scout.org.mk/registracija

Преку регистрирање на вашата активност со истата ќе бидат запознаени одговорните во вашиот одред и канцеларијата на СИМ.

Регистрацијата е наменета да ви помогне при самото планирање на активноста и воедно да ви понуди простор за евелуација на самиот водач на крајот од годината.

Преку регистрирање на настанот исто така ја зголемувате безбедноста на активноста бидејки началникот на вашиот одред и канцеларијата ќе имаат информација за локацијата и за настанот.

**Информирање и комуникација со јавност**

Комуникацијата со јавноста а особено родителите е исклучително важна. Ние ги охрабруваме впдачите да ги користат модерните социални медиуми за комуникација а препорачуваме да ја користете дата базата на светската извидничка организација - www.scout.org

На веб платформата може да изработите профил на вашата патрола, прикачете информации за активностите.

**Внимавајте: Забрането е објавување на лични податоци од вашите членови во јавноста, исто така доколку сакате да објавете фотографии од активности побарајте предходна дозвола од родителите на вашите членови.**

# Свечености и валоризација

# Валоризација

Извидниците  се категорија на деца кои поминуваат низ пубертет и се на почеток од нивната адолесценција поради што  е исклучително важно признавањето на нивните достигнувања и следствено на тоа валоризацијата која претставува процес на признавање и наградување на трудот на извидниците е исклучително важен процес за кој е одговорен водачот.

Извидниците  се стремат кон достигнување на повисоко ниво, ознаки, чинови, рангови, награди. За нив тоа е мотивирачката приказна која ги анимира и ги стимулира да се залагаат, да се развиваат и да дадат се од себе.

Водачот ја има улогата на човек кој ја евидентира активноста и залагањата на извидниците, го следи нивниот развој и во моментот кога извидникот  ќе постигне одредено ниво, ќе усоврши дадена вештина должен е на уникатен и транспарентен начин до го одликува и награди секој извидник индивидуално.  Секако за да го разберат значењто на тимот, патролата одредени заслуги водачот ги доделува на сите како тим и тоа јасно го напоменува.

Следствено во понатамошниот текст е објаснет процесот за стекнување на заслуги, вештарства и одлики за кои водачот е задолжен постојано да врши евиденција, валоризација на своите извидници и јавно да ги одликува.

Постојат 42 различни видови вештини кои прогресивно се освојуваат во текот на четирите години. Критериумите се објаснети во публикацијата „Вештини за извидници“.  Истите се повторуват и секоја година се освојува по напредно ниво. Беџовите се тркалезни со зелена основа и црн обрач за првата година, син за втората година, жолт  за третата година и црвен за четвртата.

Во моментот кога водачот ќе увиди дека некој од неговите членови ги исполнил поставените критериуми го одликува извидникот со беџот за конкретната вештина, притоа забележувајки во својот дневник и во дневникот на извидникот.

Беџовите не се доделуваат ретроактивно туку исклучително само во момомет кога извидникот  ја следи тековата програма и се оспособува со вештините.

Извидниците без разика дали ги имаат постигнато вештините доколку не се дел од моменталниот процес не можат да бидат наградени со истите. Тоа ќе создаде фер атмосфера и ќе ја одржи вредноста на беџовите во очите на вашите членови.

Доколку имате нов член кој во мегувреме се приклучил во вашата патрола истиот се приклучува на моменталниот тек на програмата и доколку програмата не овозможи стекнување на дадена вештина што сигурно е можно, новиот извидник мора да ја чека наредната година каде може да се стекне со почетното ниво од предхоната година но може да ја освои и вештината во нивото на тековната година.

Почитувањето на правилата е исклучително важно за себеси да се изградите во почитуван и фер водач со јасни критериуми а дополнително ќе ја одржите мотивацијата на вашите извидници.

Создавањето посебни моменти за вашите членови ќе го направи нивното членување по емотивно, духовно и исполнето.

Свечените моменти се важни за да во вашето јато изградите чувство за припадност а воедно и да го изградите и чувството за припадност во извидничкото движење.

Посебните моменти ќе доведат до поголема приврзаност и посветеност.

Покрај заветот како свечен момент во тековната година препорачливо е водачот повремено да организира пригоди во кои на свечен начин ќе се спроведува некоја активноаст или организира свечено доделување на беџови за освоени вештини. При ваквите посебни прилики важно е развигорците да почуствуваат чувство на повисока вредност при што можете да поканете некој повозрасен член, налчалникот, старешината....да присуствува на доделувањето и лично да им честита.

На крајот на секоја година секогаш организирајте забава за вашето јато, заедничка прослава. Изработувајте заеднички слики и споделувајте ги вашите моменти на социјалните медиуми, истите ќе придонесат и за следење од родителите за вашите активности а и за потврдување на заедничката забава.

На крајот на секоја програмска година при доделувањето на останите заслуги, доделувајте и смешни – позитивни награди, за најдобар пејач, најредовен член, развигорец-спанко и.т.н. Ваквите

награди се лични и ќе постигнат чувство за уникатност, што всушност е и целта бидејки секое дете е уникатно и единствено.

Поминувајте ги прославите и празниците заедно доколку е тоа можно, организирајте мескембал, новогодишна забава....прославувајте го секој можен момент и имајте забава со цел.....да создадете подобар свет !

# ОДНОСИ СО РОДИТЕЛИТЕ

Комуникацијата со родителите е задолжителен сегмент од работата на водачот. Родителите ги препуштаат своите деца во рацете на водачот и нормално е да бидат загрижени и да се интересираат за што нивното дете прави на извидници.

Водачот без разлика на се мора постојано да комуницира со родителите/ старателите и да ги информира за активностите на нивното дете, неговиот напредок и евентуалните проблеми.

Запомнете дека никој не го познава вашиот член подобро од неговите радители/старатели, постојано прашувајте и советувајте се со нив и изградете однос на пријатели во постојана комуникација.

Постојат повеќе фази кои се важни да се следат во однос со родителите

**Зачленување**

При зачленувањето остварете состанок, представете се, објаснете што ќе работите во тековната година, оставете ваш контакт и побарајте контакт од родителот. Побарајте меил адреса на која ќе доставувате известувања за напредок.

Разговарајте со родителот/старателот за евентуални информации кои се важни и би требало да ги знаете, евентуални алергии, проблеми, навики и др.

Бидете пријатен и покажете стабилност и доверба.

**Во текот на членувањето**

Редовно комуницирајте и споделувајте ја евиденцијата за вашиот член. Советувајте се редовно и секогаш известувајте во следниов формат:

Што постигнавме , зошто е важно !

Што ќе постигнеме, зошто е важно !

Испраќајте календар со активности и канете ги родителите на активностите, родителите можат да бидат ваша најголема и квалитетна поддршка, користете ги нивните познанства и компентенции.

Во текот на распустите пратете потсетување за датумот кога започнувате повторно со активности.

Бите партнер на родителите кон градењето и развојот  на нивното дете!

Евалуацијата е клучен сегмент од работата на секој водач. Тоа е процес кој на водачот ќе му овозможи да ја оценува својата работа, додека на Сојузот на извидници на Македонија евалуацијата ќе му овозможи да ја подобри својата програма. Но што всушност таа преставува? Како таа може најефективно да се спроведе? Евалуацијата може да преставува комплексен процес ако не се одвива секојдневно.

Зошто е важна евалуацијата?

При секоја работа, без разлика дали е волонтерска или платена позиција, потребно е секогаш да се врши проверка на постигнатите резултати. Тоа е неопходно доколку сакаме да ја вршиме својата работа правилно, да бидеме сигурни дека нашата работа има резултати, но и исто така и да дознаеме до кој степен сме ги оствариле зацртаните замисли.

Во однос на тоа кон кого е насочена, постојат два типа на евалуација:

1. Евалуација на работата на извидниците;

- Овој тип на евалуација водачот треба да го спроведува 4 пати во една извидничка година, односно на секое тромесечие. За да го оствари тоа, постојат повеќе форми на евалуација кои водачот може да ги користи:

1.1 Евалуација со примена на класичен метод на оценување од страна на самите извидници каде што водачот ќе им даде задача да ја потполнат евалуацијата која се наоѓа после секоја активност. Во секое тромесечие, водачот е должен да ги собере оценките и да пресмета аритметичка средина односно средна оценка.

Покрај тоа, во работните тетратки наменети за извидниците постои и форма на наративна евалуација каде што тие ќе треба да се искажат според насочени прашања. Водачот треба постојано да

ги мотивира развигорците кон критично размислување и да ја промовира нивната желба за искажување на своите потреби и евентуални проблеми во однос на патролата.

Постигнатите резултати, на крајот на извидничката година треба да ги достави до началникот на својот одред.

## 2. Само-евалуација

Водачот треба да се осигура дека неговота патрола ќе помине низ овие два типа на евалуација.
Пр. 1 Колку се забавни активностите на извидници?

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

пр. 2 Колку се забавни состаноците во одредот?

Пр. 3 Колку се интересни активностите во природа?

Пр. 4 Какви активности сакаш во иднина?

Пр. 5 Што мислиш за минатата недела на извидници?

**Предложениот модел**

| Забавност | Вклученост | Едукативност | Совладливост | Коефециент |
|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  | |
| | | | | |

Побарајте секој член да даде оцена во секој сегмент од 1 до 5. Соберете ги оцените и поделете ги на бројот на членови. На крајот ќе добиете коефициент за целокупната активност.

Секогаш трудете се да развиете кај вашите членови искрена евалуација и секогаш трудете се да бидете подобри наредниот пат.

# АКТИВНОСТИ

Сигнализација – семафор

После заслужениот летен одмор време е да се почне со изучување на некои од извидничките вештини, една од нив е и сигнализацијата на далечина со помош на сигнални знаменца наречена семафор.
Најпрво започнете го состанокот со некоја игра за опуштање за децата да можат да бидат посконцентрирани во изучувањето на знаците. Потоа може да продолжите со кратко објаснување затоа што е семафор, како настанал и неговата практична примена. Откако ќе завршите со објаснувањето започнете со покажување на најлесните знаци (A, B, C, D, E, F, T, R…), додека членовите на патролата повторуваат по вас. По основното запознавање со знаците поделете ги членовите во групи по четворица – еден кој ги пренесува знаците, еден кој му чита кој знаци да ги пренесе, еден кој ги прима знаците и еден кој ги запишува примените знаци. Доколку имате помалку деца може да ги поделите и по двајца со тоа што еден ќе пренесува и еден ќе прима знаци. Откако ќе ги поделите, дадете им по една комбинација од десет букви на секоја група и увидете колку изучувањето на знаците било успешно.
На овој состанок доволно е децата да научат десетина знаци, бидејќи за да ги научат сите е потребно малку повеќе време и доколку се обидете со сите знаци одеднаш ќе имате слаб ефект во изучувањето.

Потребни материјал:

- две знаменца по екипа или по дете во зависност од начинот на кој ќе се одвива состанокот, дали самостојно или во групи
- Испринтани знаци од семафор за секое дете да може самостојно да ги проучува
- испринтани комбинации со знаци за да може извидниците практично да се обучат.

Евалуација

| Забавност | Вклученост | Едукативност | Совладливост | Коефециент |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________

Постигнати развојни и едукативни цели:

- Извидникот научи нов вид на комуникација на далечина – преку сигнализација со сигнални знаменца
- Извидникот работи во мали групи

Сигнализација – Морзеова азбука

Покрај секојдневните видови на комуникација постојат и други интересни начини преку кои луѓето кога немале телефони, интернет и сл. меѓусебно комуницирале. Една од нив е и сигнализацијата на далечина со помош на светилка во ноќни услови, со помош на звук во дневни услови и со помош на типкало на далечина - наречена Морзеова азбука.

Најпрво скоро како и сите други состаноци започнете со некоја игра за опуштање за децата да можат да бидат посконцентрирани во изучувањето на знаците. Потоа може да продолжите со кратко објаснување затоа што е Морзеова азбука, како настанала и која е нејзината практична примена. Откако ќе завршите со објаснувањето започнете со покажување на најлесните знаци (A, E, I, M, N, S, T…), додека членовите на патролата повторуваат по вас. По основното запознавање со знаците поделете ги членовите во групи по четворица – еден кој ги пренесува знаците, еден кој му чита кој знаци да ги пренесе, еден кој ги прима знаците и еден кој ги запишува примените знаци. Доколку имате помалку деца може да ги поделите и по двајца со тоа што еден ќе пренесува и еден ќе прима знаци. Откако ќе ги поделите, дадете им по една комбинација од десет букви на секоја група и увидете колку изучувањето на знаците било успешно.

Овој состанок најубаво би било да се одржи ноќно време на отворено за да може да се долови ефектот и корисноста од овој вид на комуникација.

На овој состанок доволно е децата да научат десетина знаци, бидејќи за да ги научат сите е потребно малку повеќе време и доколку се обидете со сите знаци одеднаш ќе имате слаб ефект во изучувањето.

Потребен материјал:

- Батериска лампа по една од екипа
- Испринтана Морзеова азбука за секое дете да може самостојно да ги проучува
- Испринтани комбинации со знаци за да може извидниците практично да се обучат.

Евалуација

| Забавност | Вклученост | Едукативност | Совладливост | Коефециент |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

Постигнати развојни и едукативни цели:

- Извидникот научи нов вид на комуникација на далечина – преку сигнализација со Морзеова азбука
- Извидникот работи во мали групи

Патни знаци

Уште еден битен дел од извидничките вештини е снаоѓањето преку патни знаци.
Овој состанок би било најдобро е да биде составен од два дела: теорија и пракса.
Теоријата би била сликовито  покажување на патните знаци, објаснување на нивното значење и објаснување како и од што би се направиле во природа.
Додека пак праксата би била мини патека која членовите на патролата ќе ја поминат со помош на патни знаци кои ќе ги наведат што да прават на кој дел од патеката.

Потребни материјали:

- Испринтани листови со патни знаци за да може секој член на патролата поединечно да ги проучува знаците
- Материјали за изработка на патни знаци на пат

Евалуација

| Забавност | Вклученост | Едукативност | Совладливост | Коефециент |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

Постигнати развојни и едукативни цели:

- Извидникот научи да се снаоѓа во природа според патни знаци
- Извидникот ги развива своите ориентациони способности
- Извидникот научи како самостојно да одлучува според одредени правила

Јазли – практична примена

По совладаните основни јазли за времето поминато како развигорци, време е да се повторат научените и да се научат нови јазли како и да се запознаеме со нивната примена.
Целта на оваа активност е извидникот да се запознае со практичната примена на изучените јазли како и да научи како тие се употребуваат на извидничките натпреварувања.
Јазли кои треба да се повторат и изучат: амбулантен, лисици, скратувалка, мртов, рибарски и некој по ваш избор.

Потребен материјал:

- Јажиња од околу 30см за секој член, за да може поединечно да ги вежба посочените јазли

Евалуација

| Забавност | Вклученост | Едукативност | Совладливост | Коефециент |
|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  | |
| | | | | |

Постигнати развојни и едукативни цели:

- Извидникот знае корисни јазли и нивната примена
- Извидникот ги развива своите интелектуални способности

Скриени пораки – Германикус и Коњски скок

Не секогаш сакаме секој да не разбере како комуницираме, затоа постојат методи некоја порака да се пренесе на таен – скриен начин. Токму затоа на оваа активност извидниците ќе се запознаат со два типа на скриени пораки – Германикус и Коњски скок.
Целта на оваа активност е извидникот да се запознае со шифрирање и дешифрирање со Германикус и Коњски скок.
Најпрво на извидниците ќе им покажете примери од двата типа на шифрирани пораки, по што ќе им дадете веќе подготвени скриени пораки за самите со стекнатите знаења да ги осознаат скриените пораки кои може да бидат поуки кои ќе им користат во понатамошниот тек на животот.
Како активност за дома може да им предложите сами да состават скриена порака со изучените шифрирани пораки или да смислат нов шифриран код на патролата.

Потребен материјал:

- Спремни примери и вежби со шифрираните кодови кои треба да се изучуваат.

Евалуација

| Забавност | Вклученост | Едукативност | Совладливост | Коефециент |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| | | | | |

Постигнати развојни и едукативни цели:

- Извидникот знае како да користи шифрирани кодови
- Извидникот ги развива своите интелектуални способности
- Извидникот учи да размислува самостојно и логично

## Предмети за ориентација – компас и бусола

Една од најважните работи при ориентација во природа е да знаеме на која страна од светот се наоѓаме и на која страна треба да продолжиме да се движиме.
Преку оваа активност извидникот ќе се запознае со начинот на користење на компас и бусола – основните предмети за ориентација во природа. Активноста е најубаво да се изведе на најблиското ритче каде што најпрво може да им покажете колку е лесно да се изгуби ориентацијата за тоа на која страна се движиме доколку не проверуваме на одредено време, потоа теоретски и практично да им се објасни употребата на компасот и бусолата. На крај од активноста може да им се даде на извидниците сами да пробаат да одредат на која страна се наоѓаат.
Покрај употребата на компас и бусола, може да им напомените на членовите од патролата и други начини на ориентирање во природа како на пример со помош на мовта или со помош на ѕвездата северница.

Потребен материјал:

- Компас и бусола.

Евалуација

| Забавност | Вклученост | Едукативност | Совладливост | Коефециент |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| | | | | |

Постигнати развојни и едукативни цели:

- Извидникот знае како да користи бусола и компас
- Извидникот знае да се ориентира во природа

Ориентација - топографија

При ориентирањето во природа многу е битно да знаеме да гледаме и читаме од топографска карта.
Активноста најдобо е да се изведе во два дена при што во едниот кој може да се одвива во одредот членовите на патролата теоретски ќе ги научат топографските знаци, додека во вториот кој по можност треба да се одвива во природа во предел од каде што имаме топографска карта за да може знаците од картата да им ги прикажеме на извидниците.

Потребен материјал:

- Топографска карта
- Листови со топографски знаци кои извидниците треба да ги запомнат

Евалуација

| Забавност | Вклученост | Едукативност | Совладливост | Коефециент |
|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  | |
| | | | | |

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

Постигнати развојни и едукативни цели:

- Извидникот ги знае основните топографски знаци
- Извидникот знае да користи топографска карта
- Извидникот знае самостојно со помош на топографска карта да се движи во природа
- Извидникот ги развива своите ориентациони способности

Посета на кино

Една од најважните работи во една патрола е интерната дружба помеѓу членовите на патролата и нивното приврзување. Тоа е доста важно за членовите да осетат како да се дел од една голема фамилија со свои браќа и сестри кои се нивни врсници со кои секогаш треба да се чувствуваат исполнето и сигурно.

Токму затоа ваквите активности како што се одењето на кино се многу битни. Исо така при ваква посета битно е да се запази и однесувањето на извидниците, како по патот до киното така и на самото место, бидејќи каде и да одиме ние го претставуваме извидништвото и секаде и секогаш треба да се покажеме во најдобро светло.

При ваквите посети треба да обрнеме внимание при изборот на филмот кој ќе го проследиме. Препорачливо е да се одбере некој филм во кој главни јунаци се деца на нивна возраст кои се дружат и ги остваруваат своите детски соништа за извидниците да се поистоветат со нив и да добијат поттик дека секогаш можат повеќе.

Потребен материјал:

- Карти за во кино.

Евалуација

| Забавност | Вклученост | Едукативност | Совладливост | Коефециент |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

Постигнати развојни и едукативни цели:

- Извидникот е исполнет како дел од едно големо семејство
- Постигнато е поголемо обединување на патролата
- Извидникот знае како да се однесува при прошетка и при посета на кино

Посета на зоолошка градина

Уште еден начин за зближување на членовите од патролата е да се посети зоолошката градина. Покрај зближувањето ова е добар начин членовите на патролата да се запознаат во некои видови на животни за кои досега само слушнале.

При оваа активност битно е извидниците да се држат до кодексот на однесување како по пат, така и при посетата на зоолошката. Исто така добро би било вие како водач да прочитате некој интересен факт повеќе за животните кои живеат во зоолошката, за да им ја направите поинтересна прошетката на членовите од вашата патрола.

Исто така битно при овие посети е и убаво да го испланирате времето на тргнување, времето поминато на активноста и времето на враќање како би биле задоволни и самите и извидници и нивните родители кои не треба да заборавите дека се грижат за своите деца.

Потребни материјали: /.

Евалуација

| Забавност | Вклученост | Едукативност | Совладливост | Коефециент |
|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  | |
| | | | | |

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Постигнати развојни и едукативни цели:

- Извидникот е исполнет како дел од едно големо семејство
- Постигнато е поголемо обединување на патролата
- Извидникот знае како да се однесува при прошетка и при посета на зоолошка градина
- Извидникот научи неколку видови на животни и факти за нив

Посета на базен

Уште еден начин за зближување на членовите од патролата е посетата на базен.

При оваа активност битно е извидниците да се држат до кодексот на однесување како по пат, така и при посетата и активностите во самиот базен. Добро е при ваква посета да имате смислено активности за во вода, како не би им оставиле на извидниците само слободно да се капат, бидејќи интересот за тоа брзо ќе им помине и подоцна ќе имате проблем со нивното незадоволство поради тоа што ќе им биде досадно.

Доста битно е и да се информирате кој од членовите на вашата патрола колкави пливачки способности поседува за да не дојде до проблем и оние кои не се сигурно во вода да не дојдат на активноста. Ако има некои кои не знаат да пливаат смислете активности за нив во поплитко и смислете кој реквизити да ги земете за да им помогнат при престојот во базен.

Потребни материјали: /.

Евалуација

| Забавност | Вклученост | Едукативност | Совладливост | Коефециент |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Постигнати развојни и едукативни цели:

- Извидникот е исполнет како дел од едно големо семејство
- Постигнато е поголемо обединување на патролата
- Извидникот знае како да се однесува при прошетка и при посета на базен

Стреличарство

Една од поинтересните активности за децата на оваа возраст е стреличарството – пукањето со воздушна пушка.

Доколку сте во можност позајмете од пријател или познаник воздушна пушка, доколку не тогаш прашајте каде можете да посетите стреличарски клуб за да може да ја исполните оваа активност.

При оваа активност треба многу да обрнете внимание на тоа како децата се однесуваат за да не дојде до некакви несакани повреди или инциденти затоа може е и подобро да бидете или помала група или да побарате помош од друг водач за да можете полесно да ја контролирате патролата.

Потребни материјали:

- Воздушна пушка
- Мети
- Railsписли

Евалуација

| Забавност  | Вклученост  | Едукативност  | Совладливост  | Коефециент |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

____________________________________________________________________
____________________________________________________________________
____________________________________________________________________
____________________________________________________________________
____________________________________________________________________
____________________________________________________________________

Постигнати развојни и едукативни цели:

- Извидникот се стекна со знаење за користење на воздушна пушка
- Извидникот се чувствува поодговорно бидејќи ракувал со пушка

## Активност 011 – Заедништво

Акција за чистење на училишен двор

При организирањето на активностите мораме да гледаме да направиме некоја корисна работа за општеството и за оние со кои соработуваме и кои не поддржуваат. Едни од нашите најголеми соработници се разбира се училиштата од каде што доаѓаат членовите на нашите патроли.

Токму затоа прикладна активност на патролата би била да се изведе чистење на училишниот двор. При чистењето внимавајте децата да не дојдат до некој опасни отпадоци и да користат заштитни ракавици. Исто така добро би било додека собирате отпад да го собирате селективно со што би ја кренале свеста кај извидниците за селектирањето на отпадот и за корисноста од таквата активност.

Многу е битно при оваа активност децата да се чувствуваат дека прават корисна работа, а не дека само собираат отпадоци, тоа треба да им го посочите вие како водачи.

Потребни материјали:

- Вреќи за ѓубре
- Заштитни ракавици

Евалуација

| Забавност  | Вклученост  | Едукативност  | Совладливост  | Коефециент |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

Постигнати развојни и едукативни цели:

- Извидникот  прави општо - корисна работа
- Извидникот има подигната свест за селектирање на отпад

## Активност 012 – Заедништво

Делење на цвеќиња на случајни минувачки

Уште еден начин да покажеме дека мислиме на остатокот на општеството е на случајни минувачки да им подариме цвеќе.

Активноста би се состоела од прошетка низ маалото каде што се наоѓа нашиот одред и подарување на цвеќиња на случајните минувачки проследено со некој убав збор, со што ќе им го разубавиме денот и преку самото тоа ќе се промовираме како организација која мисли на општото добро.

Доколку не сте во можност да купувате толку многу цвеќиња, можете да делите цвеќиња – оригами направени од листови хартија. Исто така оваа активност не мора да биде на 8-ми март бидејќи тогаш сите го прават тоа, може да биде кој било друг обичен ден, за да го направите необичен.

Потребни материјали:

- Цвеќиња (природни или изработени од некој материјал)

Евалуација

| Забавност | Вклученост | Едукативност | Совладливост | Коефециент |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| | | | | |

Постигнати развојни и едукативни цели:

- Извидникот се чувствува корисен
- Извидникот се грижи за останатите луѓе од својата околина

Гратис гушкање

Гушкањето е еден од најдобрите начини да му покажеме на некого дека не е сам на светот и дека некој го сака и се грижи за него и да се стоплат срцата на сите луѓе. Па ако е така зашто да не направите една гушкачка активност.

Активноста можете да ја спроведете во околината на одредот за да видат луѓето кои живеат таму дека вие се грижите за нив и дека не сме само обична организација која оди по планини туку и дека го сакаме и се грижиме за нашето опкружување.
За да можете да направите евалуација на оваа активност зададете си одреден број на минувачи кои треба да ги гушнете и да им ги стоплите срцата.

Потребни материјали: /.

Евалуација

| Забавност | Вклученост | Едукативност | Совладливост | Коефециент |
|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  | |
| | | | | |

Постигнати развојни и едукативни цели:

- Извидникот е добар другар
- Извидникот е друштвен

Еднодневен излет во природа (запознавање видови дрва и траги од животни)

За да се задржи извидничкиот дух битно е во програмата да се вметнат и активности во природа, како што е овој еднодневен излет.

Направете еднодневен излет со својата патрола на најблиското ритче на некоја убава и пространа зелена пољана. За да не биде само еден обичен излет покрај забавните активности кои треба да ви бидат дел од секоја активност како пропратни активности, можете да ги запознаете членовите на вашата патрола со некои видови на дрвја и некој видови на траги од животни со што излетот би добил и едукативен карактер.

При ваквите подолги активности како овој излет многу е важно да мислите на тоа дека децата треба да се одморат и да јадат, затоа кога се договарате за вакви активности треба да им напомените дека треба да си земат храна и вода.

Потребни материјали: /.

Евалуација

| Забавност<br> | Вклученост<br> | Едукативност<br> | Совладливост<br> | Коефециент |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Постигнати развојни и едукативни цели

- Патролата го развива својот патролен дух
- Извидникот знае да распознае неколку видови дрвја
- Извидникот знае да распознае неколку трагови од животни

## Активност 015 – Природа

Дводневен логор во природа (патенти)

Една од најинтересните и активност која извидниците ја чекаат со нетрпение е логорувањето. Тоа е непроценливо искуство каде што дел од нив за прв пат преспиваат и преживуваат надвор од дома со другарчињата.

Мора да имате на ум дека ова е една од најбитните активности кои се пресудни како ќе тече извидничкиот живот на членовите од патролата. Овој логор морате да го направите посебен на свој начин за децата да осетат дека се дел од една посебна организација коа единствена може да им го пружи тоа.
Најпрво за ваков настан морате да определите совршена локација, при што најбитно е да има вода, место за логор и место за одржување на активности. Како главна активност на логорувањето предложуваме да ви биде правење на патенти со што уште повеќе ќе се крене извидничкиот дух во вашата патрола.
Пред да одите на логорување морате да се информирате дали некое од децата има посебен режим на исхрана, дали има проблеми со здравјето, дали има проблеми да остане само преку ноќ без своите родители, со еден збор морате добро да ги познавате членовите на својата патрола. Исто така битно е и да им кажете што се треба да си понесат со себе што ќе им биде потребно додека се на логорување.

Потребни материјали:

- Алат за обработка на дрво (секира, ноже)
- Јажиња

Евалуација

| Забавност  | Вклученост  | Едукативност  | Совладливост  | Коефециент |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

Постигнати развојни и едукативни цели:

- Извидникот се осамостојува како единка
- Извидникот учи да живее во заедништво
- Извидникот знае да употреби секира и нож
- Извидникот знае да изработи неколку патенти

Еднодневен хајк (чаеви и плодови за преживување)

За патролата да се осети како уште поединствена добра идеја е да организирате еден едно дневен хајк на прикладна патека во вашата околина. На ваквите активности најчесто патролата се обединува во две групи, оние кои можат да го совладаат предизвикот и оние кои имаат мали потешкотии, ваша задача ќе биде да ги обедините.
За да не биде само едноставно пешачење добро е на хајкот да го направите едукативен. Еден начин за тоа е да ги едуцирате членовите на вашата патрола за тоа кои видови на чаеви и кои видови на плодови за прехрана постојат во нашата држава и кои од нив можеме да ги најдат во својата околина или за време на хајкот.
За оваа активност битно е да им посочите на децата како да се облечат и што треба да си понесат за хајкот. Исто така треба да имате во предвид место каде што ќе застанете да се одморите и откаде ќе тргнете назад.

Потребни материјали: /.

Евалуација

| Забавност<br> | Вклученост<br> | Едукативност<br> | Совладливост<br> | Коефециент |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
________________________________________________________________________

Постигнати развојни и едукативни цели:

- Извидникот ги развива своите моторички и физички способности
- Извидникот знае неколку видови на чаеви
- Извидникот знае неколку видови на плодови кои може да му користат за преживување

Изработка на алка

Како еден дел од извидничкото движење е и рачната изработка т.е. едуцирањето на извидниците да знаат нешто да изработат сами. Како наједноставен начин за тоа е да ги научите да изработуваат алки. Видот и начинот за изработка ги оставаме на вас бидејки постојат премногу различни начини за изработка на многу различни видови алки. При изборот потрудете се да ја најдете најнеутралната и најинтересната за сите.

Треба да знаете дека некои деца можат побрзо да го совладаат начинот на изработка од другите, затоа треба да бидете спремни со повеќе видови и начини на изработка, никогаш не смеете да бидете неподготвени и да оставите некои членови да се досадуваат додека другите работат.

Потребни материјали:

- Волница во различни бои
- Ножици

Евалуација

| Забавност  | Вклученост  | Едукативност  | Совладливост  | Коефециент |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

Постигнати развојни и едукативни цели:

- Извидникот знае самостојно да изработи алка
- Извидникот е продуктивен

Изработка на оригами

Наједноставниот начин да ги задржите членовите на патролата активни и заинтересирани е изработката на оригами. Барем за оваа активност имате најразлични типови и видови на изработки.
На вас останува да изберете според тоа какви се членовите на вашата патрола, какви оригами ќе правите. Оваа активност можете да ја поврзете со активност за дарување на непознати минувачи т.е. изработените оригами да ги подарите на некој непознат и случаен минувач во близина на својот одред.

Потребни материјали:

- Материјали и прибор за изработка на оригами

Евалуација

| Забавност  | Вклученост  | Едукативност  | Совладливост  | Коефециент |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

Постигнати развојни и едукативни цели:

- Извидникот знае да изработи оригами

Готвење

За еден извидник да биде комплетен во своите знаења мора да знае и да се снаоѓа за прехранување т.е. да знае да приготвува оброци како за себе така и за останатите членови од својата патрола.

Наједноставно нешто за да ги научите членовите од својата патрола на основна прехрана кога имаат нормални услови е да ги научите како да испржат или да сварат јајца. Додека пак додатно и поинтересно е да ги научите како да се прехранат кога имаат само огниште.

Како додатна домашна задача на извидниците може да им дадете да направат список со јадење за својата патрола за едно дводневно логорување по што заедно со вас ќе ги одредат и потребните количини за во иднина да знаат што и колку ќе им биде потребно кога тие ќе бидат организатори.

Најбитно за да направите ваков состанок е најпрво вие да сте сигурни дека знаете правилно да ги приготвувате оние оброци кои ќе им ги прикажувате и за кои ќе ги обучувате членовите на вашата патрола.

Потребни материјали:

- Материјали потребни за приготвување на избраниот оброк
- Кујнски прибор за приготвување на избраниот оброк

Евалуација

| Забавност | Вклученост | Едукативност | Совладливост | Коефециент |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| | | | | |

______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________

Постигнати развојни и едукативни цели:

- Извидникот знае да си приготви оброк
- Извидникот знае да направи јеловник за својата патрола

Прва помош и заштита (знаци на живот и крварење од нос)

Составен дел и од големо значење за секој човек па така и за извидниците е да има познавања од прва помош и заштита. Најубаво е никогаш да не му притреба тоа знаење, но знаеме дека секогаш се случуваат несакани работи, ако не на самите нас тогаш на некој околу нас и убаво би било да знаеме како да му помогнеме.

За таа цел најубаво е да се почне со некои основни познавања од областа на првата помош и заштита како на пример: проверка на знаци на живот, реанимација, помош при крварење од нос, помош при сончаница, преврска, носење на повреден, имобилизација и сл.

Многу е важно се тоа што ќе им покажете на членовите од патролата да бидете сигурни дека е така правилно бидејќи ако не е ќе направите поголема штета отколку ништо да не ги научите. Затоа ако не сте сигурни побарајте помош од некое стручно лице. Исто така битно е сите работи кои ќе ги покажувате да ги покажувате практично, во спротивно ако само кажувате теоретски состанокот може да стане здодевен.

Потребни материјали:

- ППЗ опрема

Евалуација

| Забавност  | Вклученост  | Едукативност  | Совладливост  | Коефециент |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________

Постигнати развојни и едукативни цели:

- Извидникот знае некој основни работи од прва помош и заштита и е спремен да ги примени доколку за тоа се јави потреба

Шаторизација и опрема за спиење

Важен дел од одењето на логор, бивак или повеќе дневен натпревар е и подигнувањето на шатор и правилното чување на опремата за спиење.

Најдобро е оваа активност да ја направите на отворено каде што може да се доловат условите на терен за подигнување на шатор. Најпрво вие како најискусен ќе им покажете како да подигнат шатор на најбезбеден начин за да не го оштетат шаторот и да им потенцирате дека тоа е најбитно, а не брзината на подигнување. Потоа покажете им како да се грижат за својата опрема за спиење – врeќата и изоматот. Научете ги како правилно да собираат вреќа и како правилно да ја чуваат.

При покажувањето како се крева шатор најубаво е да им покажете и за начинот на подигнување на стар вид на шатори – индоплати и нов вид на шатори – игла.

Потребни материјали:

- Шатори, вреќи и изомати

Евалуација

| Забавност<br> | Вклученост<br> | Едукативност<br> | Совладливост<br> | Коефециент |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

Постигнати развојни и едукативни цели:

- Извидникот знае да подигне и да спушти шатор
- Извидникот знае да собере вреќа и изомат
- Извидникот знае да се грижи за својата опрема за спиење

Хајк (Извештај на дел од помината патека)

За еден извидник да биде подготвен за натпреварување мора да ги знае основните извиднички материјали. Еден од тие материјали е и извештајот на дел од помината патека.

За да научат да пишуваат извештај најдобро е тоа да им го покажете на еден краток хајк до најблиското ритче во вашата околина. За време на пешачете до одреденото место каде би го пишувале извештајот теоретски објаснувајте им што треба тој да содржи и кој работи треба да ги запазат и да ги потенцираат. Кога ќе пристигнете оставете им простор од околу половина саат да напишат тоа што виделе и објаснете им дека намената на извештајот е некој после нив да го прочита и да се снајде да го помине истиот пат без потешкотии.

Откако ќе завршат со пишување прочитајте ги напишаните извештаи и одделно на секого посочете му каде му се грешките и укажете му на недостатоците за да може во иднина да биде подобар.

Потребни материјали:

- Листови и прибор за пишување

Евалуација

| Забавност  | Вклученост  | Едукативност  | Совладливост  | Коефециент |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Постигнати развојни и едукативни цели:

- Извидникот знае да напише извештај на дел од помината патека

Итинерер (цртеж за движење по азимут)

Еден од извидничките цртежи за движење во природа е итинерерот. Тоа е цртеж за движење под азимут кој го определува воздушниот пат помеѓу неколку точки кои треба да се поминат по определениот пат. Покрај ова итинерерот се користи и како цртеж на извидничките натпреварувања.
Најпрво треба да им покажете теоретски на членовите на патролата како се црта и да им дадете да разгледаат готови примери. Потоа зададете им на сите исти координати за цртање и проверете кој сфатил како се црта, а на останатите пробајте да им објасните поубаво на секој одделно.
За дома можете да им дадете да направат правилен итинерер со сопствени координати кој ги исполнува правилата за цртање на овој материјал.

Потребни материјали:

- Листови и прибор за цртање
- Готови координати за цртање итинерер

Евалуација

| Забавност  | Вклученост  | Едукативност  | Совладливост  | Коефециент |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

Постигнати развојни и едукативни цели:

- Извидникот знае да нацрта итинерер
- Извидникот знае да направи координати за итинерер

Посета на музеј

За да покажеме дека извидништвото е и едукативно движење од големо значење е и посетата на културни објекти и обележја.

Една таква посета е и посета на музеј. Кој музеј и да одлучите да го посетите најпрво посетете го сами за да знаете што ве очекува и да не бидете изгубени бидејќи сепак вие сте водач и треба да знаете повеќе од децата за да им направите да им биде поинтересно, да не биде како одење преку школо.

При посетата морате да внимавате на однесувањето на членовите на својата патрола бидејќи во музеите има многу работи кои се значајни за нашата историја и кои треба да знаат дека не смеат да ги уништуваат.

Потребни материјали: /.

Евалуација

| Забавност | Вклученост | Едукативност | Совладливост | Коефециент |
| --- | --- | --- | --- | --- |
|  |  |  |  | |
| | | | | |

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

______________________________________________________________________

Постигнати развојни и едукативни цели:

- Извидникот го продлабочува своето знаење за културата на својата земја, град и обичеите и традициите
- Извидникот ја зацврстува припадноста кон својата држава и го зајакнува својот идентитет.
- Извидникот ги почитува корените и традициите и активно се вклучува во нивно зачувување и прославување

Посета на хиподром

Интересна и несекојдневна посета за вашата патрола е посетата на хиподром. Ретко кој од вашата патрола имал прилика да види расни коњи или пак да јава некој од нив.

Посетата на киподром и јавањето на коњ е исклучително забавна и едукативна активност за вашата патрола.

Имајки во предвид дека преку оваа активност може да се понуди информации и едукација за коњите и јавањето како спорт вашата патрола ќе може и да се обиде да јава под надзор на стручните лица.

Јавањето е уникатна активност која е забавна и го развива духот, емеоцијата и физичкиот развој кај извидниците.

При посетата на хиподром треба да знаете дали некое дете се плаши од коњи или од висини.

Исто така треба вие да знаете од претходно нешто за коњите за да не бидете изгубени или да побарате помош од тамошно стручно лице за да им направи обиколка на члeновите од вашата патрола и да им објасни се за тоа што се случува со коњите таму.

Со цел да бидете подобро бодготвени може да пребарате на интернет интересни факти кои ќе им ги соопштите на вашите членови за време на состанокот.

Потребни материјали: /.

Евалуација

| Забавност | Вклученост | Едукативност | Совладливост | Коефециент |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| | | | | |

____________________________________________________________________________
____________________________________________________________________________
____________________________________________________________________________
____________________________________________________________________________
____________________________________________________________________________
____________________________________________________________________________

Постигнати развојни и едукативни цели:

- Извидниците здобиваат знаење за хиподромот како институција, и начинот на кои функционира.
- Извидникот се запознава со спортот – Спортско јавање
- Извидникот се  здобива со практични вештини од областа на јавање и знае како да основно јава.

# ИГРИ



**Игра: Различно поместување**

Место : Природа

Број на играчи: Екипи составени од 4 играчи

Времетраење: 5-10 минути (зависи од должината на стазата и спретноста на играчите)

Играта е штафетна а играчите ммораат што е можно побрзо да преминат одреден пат така што ќе се движат различно. Првиот трча, вториот скока на една нога, третиот со двете нозе (како зајак) четвртиот наназат и.т.н.

**Игра: Јас сум...**

Играчи : Целото Јато

Извидниците седнуваат во круг и се претставуваат, потоа треба да изведат некаква фгура или движење. Наредниот треба истото да го пофтори (името и движењето) а потоа да се предстaви себе и така се оди во круг. Најдобро е да е последен водачот бидејки тој мора да ги повтори сите имиња и движења на членовите и на крај да се предстaви себе.

**Игра: Соблекување на чорапи**

Место: Природа

Број на играчи: 10 (може и повеќе но и теренот треба да се зголеми)

Траење: 5-10 минути (зависи од бројот на играчите)

Потребно: Шаторско крило, секој извидник да има облечено чорапи.

Извидниците седнуват на рабовите на шаторското крило и немаат чевли, односно носат само чорапи на нозете. Целта на играта е да се соблечат обете чорапи на соиграчот и да се остане седнат на работ на шаторското крило.

Теренот може да се прошири и да се игра во пар или  патрола против патрола, но не се препорачува за играње на последниот ден на логорување.

**Игра: Мисирка**

Потреби: Ограден терен 2 метра на 2 метра

Број на играчи : 10 – 15

Траење: 10 -15 минути

Играчите се поделени во две екипи и секоја на различна страна на теренот. На одреден знак сите почнуваат да скокаат на една нога настојувајки да го гурнат соперникот да ја спушти ногара на земја. Рацете стојат прекрстени зад грб. Кога играчот ќе ја спушти ногата на земја излегува од играта. Победници се играчите кои останале на теренот.



**Игра: Троножно трчање**

Пореби: Две марами, централа

Траење: 10 минути

Поделете ги извидниците во парови по двајца и секој пар поврзете му ги нозете со марама (десната нога на првиот со левата на втората) и така да имаат вкупно три нозе. На даден знак екипата трча до централата која е објект поставен на одалеченост од 20 – 30 метра, кога пристигнуваат до нејзе се свртуваат и трчат назад до почетната линија. Победник е парот кој најбрзо ќе ја заврши задачата.

**Игра: Носење книги на глава**

Потребно: 2 книги, централа

Траење: 10 – 15 минути

Се натпреваруваат две екипи на извидници со подеднаков број на членови. Првите извидници во екипата добиваат книга која ја носат на глава движејќи се кон линијата која е одалечена околу 10 метри. Кога ќе пристигнат до линијата се враќаат назад и ја предаваат книгата на следниот извидник. Така се надоврзуваат сите извидници од патролата. Доколку на некој книгата му падне од главата, екипата добива негативен бод. Победник е екипата на извидници која прва ќе ја заврши задачата.



**Игра: Скок преку реката**

Потребно: Топка

Траење: 10 минути

Формирајте две екипи со подеднаков број на извидници. Извидниците стојат во колона еден зад друг. Првиот е на стража и држи топка во рацете. На одалеченост од осум метри се наогаат две паралелни црти една од друга одалечени еден метар. Тие ја претставуваат реката. На даден знак првиот играч од колоната трча, скока преку реката се врти и ја фрла топката на наредниот играч кој чека на стартот. Во моментот кога вториот играч ја добие топката, трча, ја скока реката и ја фрла топката на следниот играч во колоната. Играта трае се додека и последниот играч во колоната не ја прескокне реката.

**Игра: Броеви до 30**

Број на играчи: 5-6 екипи со по 6-8 членови

Траење: 30 минути

Потребно: Хартивчиња  со испишани броеви од 1 до 30, напишани 5-6 пати во различни бои.

Секоја екипа добива една боја. Пред играта низ шумата/ паркот/просторијата се распоредуваат харивчињата со броеви во различни бои. Победник е екипата која прва ќе ги собере сите броеви од сопствената боја.



**Игра: Слепа баба**

Број на играчи: екипа

Траење: По желба

Потребно : 2 марами, објекти

На играчите им се покриваат очите со извидничка марама. Секој играч се поставува на почетна линија и на даден знак треба да се упати кон крајната линија која е поставена на 10 метри. По патот се поставуваат препреки. 2 играчи се движат низ препреките а соиграчите им довикуваат и ги водат. Победник е екипата која прва ќе заврши.

**Игра: Цртање со затворени очи**

Траење: 30 минути

Потребно: Листови и маркери

Поделете празни листови на сите членови, дадете им задача да нацртаат круг на целиот лист, потоа со заврзани очи треба да нацртаат очи, нос и уста во кругот. Вториот пат, треба да нацртаат квадрати и потоа со заврзани очи да нацртаат прозорци, врата, оџак...

**Трка со кутии од кибрит**



Траење: 30 минути

Потребно: Коноп, кибрити, стапчиња

На секој член му е потребно празно кутивче од кибрит, конец и дрвено стапче. Кутијата од кибрит се врзува со парчето конец, и потоа конецот се намотува на дрвеното стапче за да може да се влече. Наредете ги кутиите на старната линија, на спротивната страна стојат играчите чија цел е што побрзо да го намотаат конецот и со тоа да ја привлечат кутијата. Победник е оној кој ќе ја привлече кутијата најбрзо до себе, притоа да внимава да не ми се преврти кутијата. Во случај кутијата да се преврти играчот може да ја напушти играта или да се врати на стратната линија.

**Воз низ тунел**

Траење: 30 минути

Потребно: Марама

Поделете ја патролата на еднакви групи. Подредете ги извидниците да стојат еден позади друг, рацете да им се на рамената на извидникот пред нив и нозете да им се раширени така што ќе може да се поминува меѓу нив. Последниот извидник треба да има марама во својата рака. На даден знак последниот извидник треба да се провлекува помеѓу нозете на извидниците пред него и кога застане прв треба да подаде марамата на извидникот позади него, така што марамата ќе стигне повторно до оној кој е последен во редот. Процесот треба да се повторува се додека групата се врати во првобитна положба. Најбрзата група е победник.



**Скок преку река**

Траење: 30 минути
Потребно: Марама

Поделете ја патролата на еднакви групи. Подредете ги извидниците во ред, еден позади друг. Првиот извидник држи топка во своите раце. На одалеченост од 8-10 метри, нацртајте две паралелни линии кои ја претставуваат реката, една од друга оддалечени еден метар. На даден знак извидникот со топката во рака треба да трча и да ја прескокне реката, потоа треба да ја фрли топката кон извидникот што бил позади него во редот. Само извидник со топка во раката може да ја прескокне реката. Во случај извидникот да не ја фати топката која била фрлена кон него, извидникот што ја фрлил мора повторно да ја прескокне реката да ја земе топката, да се врати од другата страна на реката и повторно да ја фрли топката. По потреба може да се зголеми оддалеченоста на реката и нејзината ширина. Победник е онаа група кој прва ќе ја помине реката.

**Диригент**

Траење: 30 минути
Потребно: Марама

Сите извидници стојат во круг. Водачот определува еден член од јатото кои го напушта кругот, додека другите извидници се договараат кој ќе биде диригент. На даден знак извидникот кој го напушта кругот се враќа и треба да погоди кој е диригент, во случај да промаши диригентот мора да ја промени својата положба додека другите извидници ги имитираат неговите движења. Ако не погоди три пати му се кажува кој бил диригент, и водачот бира нов член кој го напушта јатото, додека другите се договараат кој ќе биде новиот диригент.



**Стоногалка**

Траење: 30 минути
Потребно: /

Поделете ги извидниците во еднакви групи. Подредете ги во ред еден позади друг, така што секој извидник треба десната своја рака да ја протне меѓу нозе на извидникот пред него и да го фати за рака, а левата рака да ја протне меѓу своите нозе и да го фати извидникот позади себе. Првиот извидник од редот треба со своите две раце да го држи извидникот позади себе , а последниот со двете раце извидникот пред себе. Направете стаза која групите треба да ја поминат, онаа група која прва ќе ја заврши стазата е победник.

**Мува и Пајак**

Траење: 30 минути
Потребно: /

Сите извидници стојат во круг, по двајца еден позади друг. Првиот извидник клечи или седи со прекрстени нозе(мува), извидникот позади него стои со рацете на неговиот грб(пајак). Еден извидник е без пар. Извидникот кој нема пар стои и ги гледа мувите кој седат. Тој треба да одбере мува и да и намигне, во тој момент мувата треба да стане и да истрча до извидникот кој и намигнал и да застане позади него без пајакот да успее да ја фати. Тогаш извидникот кој намигнал ја зема позицијата на мува, а извидникот кој сега останал без пар треба да намигнува.



**Што се промени во просторијата**

Траење: 20 минути
Потребно: /

Извидниците добро ја разгледуваат просторијата, потоа ја напуштаат а водачот променува 10 работи во нејзе. На даден знак извидниците се враќаат во просторијата и треба да ги запишат на празен лист работите кои се промениле во просторијата. Играта може да се повторува неколку пати и најуспешниот извидник да се прогласи за победник.

**Топло-Ладно**

Траење: 30 минути
Потребно: Просторија со објекти/ природа

Во просторија се крие некој предмет. Водачот бира еден извидник од патролата, потоа тој ја напушта просторијата и кога ќе се врати треба да го пронајде предметот. Другите извидници му помагаат така што извикуваат ладно(кога се наоѓа далеку од предметот) и топло(кога се наоѓа блиску до предметот).

**Пронајди ја паричката**

Извидниците се местат во ред, еден позади друг со десната рака пред нив и полузатворена дланка. Водачот поминува покрај сите и прави движење како да остава паричка во секоја дланка, но остава паричка само кај еден извидник. Се бира еден член кој треба да погоди каде се наоѓа паричката. Кога ќе погоди каде се наоѓа паричката, извидникот каде што се наоѓала паричката треба да биде следниот кој ќе погодува.

**Бум**

Траење: 30 минути

Потребно: /



Извидниците седат еден до друг, по редослед почнуваат да бројат од 1(1, 2, 3..). Меѓутоа играчот кој треба да каже три, наместо три треба да каже БУМ. Исто така играчите кој треба да кажат 6, 9, 12, 15(сите броеви кој се делат со три и каде што се спомнува бројот три, 13, 23). Доколку некој погреши и наместо бум, ја каже бројката, испаѓа од игра. Победник е оној кој ќе остане последен. Во зависност од возраста може да се дадат и покомлицирани броеви(6 и 8).

**Набројување на предмети**

Траење: 30 минути

Потребно: /

На маса се ставаат 10-15 предмети. Потоа секој извидник ги гледа предметите една минута пред да се покријат, откако ќе се покријат секој извидник треба на лист хартија за две до три минути да наброи колку предмети запамтил. Победник е оној кој наброил најголем број на предмети. Бројот на предмети може да се зголеми или да се намали времето додека се откриени предметите или времето за набројување на предметите.

**Шешир**

Траење: 30 минути

Потребно: Музика, шешир

Извидниците се делат во парови. Потоа се пушта музика на која паровите треба да танцуваат. Кај еден играч се наоѓа шешир, во моментот на играње, играчот со шеширот треба да го префрли кај друг играч. Во моментот на прекинување на музиката оној пар кај кого се наоѓа шеширот излегува од игра.



**Лов на елени**

Траење: 30 минути
Потребно:/

На еден извидник му се врзуваат очите тој представува елен. Сите други извидници се во негова околина и тие представуваат ловци. Еленот слуша и ако слушне некаков шум покажува со раката во тој правец, ако на тоа место се наоѓа некој од ловците, тој веднаш испаѓа од игра. Победник е оној извидник кој ќе му се доближи на еленот и ќе го допре, притоа еленот да не го слушне.

**Каладонт**

Првиот извидник кажува еден збор, вториот извидник треба да каже збор кој почнува на последниот слог од претходно кажаниот збор(јаболко-компири-риби...). Оној извидник кој ќе каже збор кој завршува на слогот КА испаѓа од игра. Победник е извидникот кој ќе остане последен.

**Кој ќе напише повеќе**

Траење: 20 минути
Потребно: хартија и маркери

Водачот одредува тема на играта(логорување, персонална опрема, градови, реки). Потоа на даден знак секој извидник треба да на лист хартија да напише што повеќе зборови. Играта не треба да трае повеќе од 2-3 минути. Играчот кој има најмногу зборови е победник.

**Прашања и одговори**



Траење: 20 минути
Потребно: хартија и маркери

Извидниците седат еден позади друг. Првиот извидник добива лист хартија на кој треба да напише прашање притоа вториот извидник да не види што напишал. Потоа вториот извидник треба да даде одговор на прашањето без да знае кое е прашањето, третиот повторно поставува прашање, четвртиот одговара. Имајки во предвид дека извидниците незнаат кое било поставеното прашање читањето на целиот текст ќе биде забавно. Водачот може да постави тема и правила за обликот на секое прашање и одговор.

**Горан вика**

Извидниците се собираат на едно место, потоа водачот изговара разни наредби. Меѓутоа наредбата треба да се изврши само доколку водачот пред наредбата каже Горан вика. Играчот кој ќе изврши наредба без водачот претходно да каже Горан вика, испаѓа од игра, и обратно, доколку играчот кој нема да изврши наредба а водачот претходно кажал Горан вика. Победник е оној извидник кој ќе остане последен.

**Scoutball**

Траење: 40 минути
Потребно: топка и марами за секој учесник

Извидниците се делат во две еднакви групи. Се обележува терен со димензии слични на ракометарскиот(40x20). На двата краја од теренот се ставаат мали голчиња. За играње се користи рагби топка(шише замотано со неколку маици). Секој извидник има закачено марама околу појасот.

Топката може да се носи, фрла или шутира со нога-по волја. Противничките играчи имаат задача да ја одземат топката или да ја одземат марамата на играчот кој ја поседува топката. Доколку му се одземе марама на играчот кој е во посед на топката, тој треба да ја напушти играта на две минути или доколку се постигне гол пред истекот на времето. По постигнување на гол, топката се враќа на центарот на игралиштето. При секој прекин на играта топката може да се подаде само на играч позади, и поддавањето треба да биде извршено меѓу нозете на играчот кој изведува. Победник е онаа екипа која прва ќе постигне 12 гола, а по 6 гола се менуваат страните, играта може да заврши и доколку на една екипа и се исклучени 50% од играчите. По желба може играта да се игра и на определено време.

**Претрчување под оган(снег)**

Траење: 40 минути
Потребно: ракавици

Извидниците се делат во две групи. Едната група се напаѓачи, другата се нападнати. Се цртаат два квадрати на раздалеченост од 20 метри. Напаѓачите се наоѓаат на раздалеченост од 40 метри од двата квадрати,додека во едниот квадрат се сместени нападнатите. На даден знак од водачот, нападнатите треба да претрчаат од едниот во другиот квадрат, додека се под оган од снежни топки од напаѓачите. Сите погодени играчи испаѓаат од игра. Потоа нападнатите и напаѓачите ги менуваат своите улоги. Победник е екипата во која ќе преживеат повеќе нападнати.



Лисица во снег(снег)

Траење: 40 минути
Потребно: ракавици

Во снег се нагазува голема кружна стаза, во средината на кружната стаза се нагазуваат 6 патеки под агол од 45 степени. Во средината се наоѓа еден извидник-лисица, додека на кружната стаза се наоѓаат останатите извидници. Извидникот-лисица смее да се движи само по патеките во кружната стаза, а останатите извидници само на кружната стаза. На даден знак од водачот сите извидници почнуваат да се движат во еден правец, а целта на лисицата е да дофати некој извидник од кружната стаза. Оној кој ќе биде допрен од лисицата, станува лисица. Ако некој од извидниците излезе од стазата или падне исто така станува лисица.

# ПАТРОЛЕН ДНЕВНИК

**Извиднички Профил**

Име и Презиме:

Извидничко Име:

| |
|---|
| Датум на Раѓање: |
| Број на членска карта: |
| Адреса на живеење: |
| Телефонски број: |
| Положен завет на: |

Положени вештарства:

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

Повеќедневни активности(акции,смотра, летување, зимување

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

| |
|---|
| Забелешки: |



**Извиднички Профил**

Име и Презиме:

Извидничко Име:

| |
|---|
| Датум на Раѓање: |
| Број на членска карта: |
| Адреса на живеење: |
| Телефонски број: |
| Положен завет на: |

Положени вештарства:

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

Повеќедневни активности(акции,смотра, летување, зимување

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

| |
|---|
| Забелешки: |



**Извиднички Профил**

Име и Презиме:

Извидничко Име:

| |
|---|
| Датум на Раѓање: |
| Број на членска карта: |
| Адреса на живеење: |
| Телефонски број: |
| Положен завет на: |

Положени вештарства:

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

Повеќедневни активности(акции,смотра, летување, зимување

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

| |
|---|
| Забелешки: |



## Извиднички Профил

Име и Презиме:

Извидничко Име:

| |
|---|
| Датум на Раѓање: |
| Број на членска карта: |
| Адреса на живеење: |
| Телефонски број: |
| Положен завет на: |

Положени вештарства:

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

Повеќедневни активности(акции,смотра, летување, зимување

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

| |
|---|
| Забелешки: |



## **Извиднички Профил**

Име и Презиме:

Извидничко Име:

| |
|---|
| Датум на Раѓање: |
| Број на членска карта: |
| Адреса на живеење: |
| Телефонски број: |
| Положен завет на: |

Положени вештарства:

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |

Повеќедневни активности(акции,смотра, летување, зимување

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |

Забелешки:





**Извиднички Профил**

Име и Презиме:

Извидничко Име:

Датум на Раѓање:

Број на членска карта:

Адреса на живеење:

Телефонски број:

Положен завет на:

Положени вештарства:

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

Повеќедневни активности(акции,смотра, летување, зимување

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

Забелешки:



**Извиднички Профил**

Име и Презиме:

Извидничко Име:

| |
|---|
| Датум на Раѓање: |
| Број на членска карта: |
| Адреса на живеење: |
| Телефонски број: |
| Положен завет на: |

Положени вештарства:

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |

Повеќедневни активности(акции,смотра, летување, зимување

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |

Забелешки:



**Извиднички Профил**

Име и Презиме:

Извидничко Име:

| |
|---|
| Датум на Раѓање: |
| Број на членска карта: |
| Адреса на живеење: |
| Телефонски број: |
| Положен завет на: |

Положени вештарства:

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

Повеќедневни активности(акции,смотра, летување, зимување

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

| Забелешки: |
|---|
| |



## Извиднички Профил

Име и Презиме:

Извидничко Име:

Датум на Раѓање:

Број на членска карта:

Адреса на живеење:

Телефонски број:

Положен завет на:

Положени вештарства:

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

Повеќедневни активности(акции,смотра, летување, зимување

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

Забелешки:



## Извиднички Профил

Име и Презиме:

Извидничко Име:

Датум на Раѓање:

Број на членска карта:

Адреса на живеење:

Телефонски број:

Положен завет на:

Положени вештарства:

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

Повеќедневни активности(акции,смотра, летување, зимување

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

Забелешки:



# Библиографија

**Savez izviđača Hrvatske (2008). Javorovi Listovi – Priručnik za vođe patrola**

**Izviđača i planinki.**

**WOSM (1997). Youth programme: a guide to programme development overview.**

**WOSM (1998). Scouting: An educational system.**

**WOSM (1998). Handbook for Cub scout leaders.**

**WOSM (1998). Renewed approach to the programme (RAP).**

**WOSM (2000). Scouting in practice – ideas for leaders.**

**WOSM (2002). Handbook for Leaders of the scout section.**

**WOSM (2006). RoCoReKi – Rover Commisssioner's Resource Kit.**

**WOSM (2009). Empowering young adults - guidelines for the Rover scout section.**

**ZTS (1997). Osnovni program.**